# ПОЛИТИЧКА МИСЛА

ГОДИНА 22, БРОЈ 65, СЕПТЕМВРИ 2024, СКОПЈЕ

68



# ПОЛИТИЧКА МИСЛА

ГОДИНА 22, БРОЈ 68, СЕПТЕМВРИ 2024, СКОПЈЕ

68

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis - Skopje

Издавачи:

Фондација „Конрад Аденауер“, Република Северна Македонија
Институт за демократија „Societas Civilis“, Скопје

Основачи:

д-р Ѓорге Иванов, м-р Андреас Клајн

„Политичка мисла“ - Уредувачки одбор:

| | |
|---|---|
| Даниел Браун | Фондација „Конрад Аденауер“, Германија |
| Ненад Марковиќ | Институт за демократија „Societas Civilis“ Скопје, Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија |
| Иван Дамјановски | Институт за демократија „Societas Civilis“ Скопје, Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија |
| Ханс-Римберт Хемер | Пензиониран професор по економија, Универзитет во Гисен, Германија |
| Клер Гордон | Лондонска школа за економски и политички науки, Велика Британија |
| Роберт Хислоп | Оддел за политички науки, Унион Колеџ САД |
| Ана Матан-Тодорчевска | Факултет за политички науки, Универзитет Загреб, Република Хрватска |
| Предраг Цветичанин | Универзитет во Ниш, Република Србија |
| Владимир Мисев | ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права, Република Полска |
| Сандра Кољачкова | Фондација „Конрад Аденауер“, Република Северна Македонија |

Адреси:

ФОНДАЦИЈА „КОНРАД АДЕНАУЕР“,
„Ристо Равановски“ 8, МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3217 075 ; Факс: 02 3217 076
E-mail: Skopje@kas.de, Интернет: www.kas.de

ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА “SOCIETAS CIVILIS” СКОПЈЕ,
Мирослав Крлежа 52-1-2 МК-1000 Скопје Тел./факс: 02 30 94 760,
E-mail: contact@idscs.org.mk Интернет: www.idscs.org.mk
E-mail: map@yahoogroups.com

Печат: Винсент графика - Скопје.
Дизајн и техничка подготовка: Пепи Дамјановски.
Превод: Огнена Никуљски, Марија Мицевска Кокаланова
Јазична редакција на македонски: Елена Саздовска.

**Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер” и Институтот за демократија „Societas Civilis”, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот. Списанието се издава 2 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Северна Македонија и во Европа. Оваа публикација служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.**

Година 22, број 68,
септември 2024, Скопје,
ISSN 1409-9853

# Содржина

ЕВРОПСКО САМОПОТВРДУВАЊЕ 5

Гинтер Крихбаум

ДЕМОКРАТСКА РЕЦЕСИЈА 13

Иван Иванов

ОБСЕ И НЕЈЗИНАТА „ХУМАНА“ ДИМЕНЗИЈА 35

Оливер Ернст

СТУДЕНАТА ВОЈНА КАКО ИСТОРИЈА И СЕГАШНОСТ? 43

Херман Венткер

ВО ПОТРАГА ПО ВИСТИНСКАТА ДОЗА 55

Гинтер Рик Монкајо

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Гинтер Крихбаум,**
род. 1964 г. во Корнтал, портпарол за европска политика на пратеничката група во Бундестагот ЦДУ/ЦСУ

Полемика
УДК: 341.171.071.51(4-672EU)

Гинтер Крихбаум

# ЕВРОПСКО САМОПОТВРДУВАЊЕ

## НА ПОЛИТИКАТА НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА Ѝ Е ПОТРЕБНА НОВА ДИНАМИКА

Проширувањата на Европската Унија во Средна, Источна и Југоисточна Европа што следеа по падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година требаше да им гарантираат слобода и благосостојба на овие држави. Со воената агресија на Русија во 2014 година во Источна Украина и на полуостровот Крим започна пресвртот, а не дури во 2022 година, со агресијата против цела Украина. Оттогаш геополитичката ситуација фундаментално се промени. Денес станува збор за самопотврдување на Европа, пред сè, наспроти заканите од Русија. Тука спаѓаат и предизвиците од системскиот ривал Кина или политиката на САД „America first“ што одново се заканува.

Имајќи го ова предвид, предвиденото проширување на Европската Унија (ЕУ) со државите од таканаречениот Западен Балкан (официјални кандидати за прием се Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора и Србија), со Украина, Република Молдавија и Грузија не претставува само едноставно продолжување на спојувањето и географско заокружување на слободна Европа. Проширувањето на ЕУ денес служи за зачувување и зајакнување на мирот, слободата, безбедноста, правната држава, благосостојбата и единството на оваа Европа. Тоа е актуелната димензија на дискусијата за проширувањето. Ако во ова не успее Европската Унија, нема да успее ни во своето самопотврдување. Од тие причини ни требаат нова постапка во пристапниот процес и подобрување на способноста за дејствување и одлучување на Европската Унија.

Единството на Германија и на Европа не би било можно без слободата на движење во Полска и отворањето на границата во Унгарија. Хелмут Кол уште тогаш имаше констатирано дека првите камења од берлинскиот Ѕид беа искршени во Унгарија. И пред тоа, полскиот придонес, слободниот синдикат Солидарношч и полскиот папа Јоханес Паул II, започна движење за слобода, демократија и правна држава, кое на крајот не можеше да биде сопрено дури ни од советскиот апарат на моќ.

## РАЗЛИЧНИ ИНТЕРЕСИ И ОЧЕКУВАЊА

Денес, дваесет години по почетокот на приемот на државите од Средна, Источна и Југоисточна Европа, процесот на проширување е успешна приказна. За разлика од претходните проширувања, политичките и економските разлики меѓу старите и новите членки не можеа да бидат поголеми. Преку политиката на проширување беа и ќе бидат зајакнати политичката модернизација и економскиот раст, не само

во земјите-членки. Европската Унија стана посилна, пред сè, преку стабилната монетарна унија, на која во меѓувреме ѝ припаѓаат осум од новите земји.

Во една Унија, двојно поголема од онаа во 2004 година, што се однесува до бројот на нејзините држави-членки, интересите и очекувањата секако дека станаа разновидни. Бидејќи не постои една европска историја на основање и не постои една европска интеграција: додека Германија, Франција и останатите држави-основачи станаа членки на Европската Унија, пред сè, поради идејата за мир, за повеќето земји од рундите на проширување од 1989 година клучна беше мислата за слобода. Преку членството во ЕУ тие сакаа да си ги загарантираат првенствено нивната новостекната државна независност и демократскиот развој.

За што станува збор денес кај кандидатите за прием? За државите од Западен Балкан клучни се очекувањата за благосостојба, исто така и за да се сопре енормното отселување на младите луѓе и стручниот кадар. За Украина, Република Молдавија и Грузија клучна е мислата за безбедност, бидејќи тие веројатно се соочуваат со децении крајно агресивна империјалистичка Русија.

Денес мора да констатираме дека процесот на проширување со земјите од Западен Балкан значително изгуби на динамика. Во јуни 2003 година, тогашните земји на ЕУ со агендата од Солун дадоа ветување дека ќе ги примат овие држави во Европската Унија. Со Србија и Црна Гора се преговара над десет години. Албанија и Северна Македонија можеа да започнат со пристапните преговори дури дваесет години подоцна, во 2023 година. На Украина и Република Молдавија, како и на Босна и Херцеговина им претстои почеток на преговорите, нешто што за Косово и Грузија уште изостанува.

## НАМАЛЕНА АТРАКТИВНОСТ НА ЕУ-ПЕРСПЕКТИВАТА

Долгото траење на овој процес на приближување кон Европската Унија ги изнесува на виделина истовремено и неговите слабости. Порано беше доволен временски период од пет до шест години за една земја да се интегрира во Европската Унија, откако таа од своја страна ги исполнила Копенхашките критериуми кои ги формулираат пристапните услови и реформските цели за кандидатите за влез во ЕУ и го презела европското законодавство кое ги опфаќа сите права и обврски што се обврзувачки за секоја ЕУ-членка. Притоа важеше: патот беше истовремено и цел, бидејќи луѓето во земјите-кандидатки имаа веродостојна перспектива во прегледно време да станат граѓани и граѓанки на ЕУ. Најдоцна, со речиси осумгодишниот

процес на преговори и ратификација на приемот на Хрватска, ова убедување се разниша.

Последицата од ова беше што во државите од Западен Балкан, ЕУ-перспективата изгуби од атрактивноста, а одобрувањето за Европската Унија брзо се намали. Дополнително на ова, целиот Западен Балкан во моментот доживува негативен демографски процес. Токму луѓето од младата генерација и од средната класа се отселуваат во државите-членки на ЕУ. Згора на тоа и стапката на наталитет е масивно намалена. Трајните конфликти меѓу Косово и Србија или во Босна и Херцеговина го оптоваруваат процесот на проширување и кријат ризици за безбедноста и стабилноста. Потребна е нова динамика преку ново осмислување на политиката на проширување на ЕУ. Затоа на патот кон полноправно членство во ЕУ, следејќи го начелото за постепена интеграција, со државите-кандидати треба да се договорат атрактивни меѓустадиуми специфични за земјите, со цел потесно поврзување со Европската Унија и интегрирање во неа. Наместо да се бара од кандидатите за прием да постигнат „мерило“ што е толку високо што одвај може да се совлада, би требало да се предвидат идни постапки за различни градации. Притоа, по секој стадиум мора да се препознае видлива предност за државата и нејзините граѓани. Секако дека централно останува: Копенхашките критериуми за пристап мора стриктно да бидат исполнети пред прием во Европската Унија! Значи не станува збор ниту за разводнување на критериумите за прием во ЕУ, ниту, пак, скратувањето на пристапниот процес е во интерес на државите-кандидати или на Европската Унија, бидејќи преку честопати фиктивно даден датум за прием не се исполнуваат побрзо пристапните предуслови.

## МЕЃУСТАДИУМ „АСОЦИРАНО ЧЛЕНСТВО“

Во интерес на сочувувањето и зајакнувањето на слободата, мирот и безбедноста во Европа како атрактивен меѓустадиум, би можело да биде предвидено „асоцирано членство“ во областа на заедничката надворешна, безбедносна и одбранбена политика. Предуслов би било, соодветната држава целосно да ги застапува сите одлуки на ЕУ за надворешна и безбедносна политика, и тие против Русија и Кина. Досега единствено Србија не го исполни тоа. Исто така, соодветната земја за „асоцирано членство“ би морала да ги има завршено преговорите за поглавјето надворешни односи. Поради тоа, овие тематски акценти би морале да бидат поставени на почетокот на преговарачкиот процес, паралелно со поглавјата за правната држава. До завршувањето на пристапните преговори земјата би требало

да учествува прво без право на глас, а потоа, во фазата на ратификација со право на глас.

Освен тоа, уште сега делегации на државите за прием би можеле да добијат постојана набљудувачка улога во Европскиот парламент и во Европскиот совет. Со вакво вклучување во дејствувањето на Европската Унија, земјите би биле дел од процесите и тековите внатре во Европската Унија и би собрале конкретни искуства во подготовката на нивното идно членство.

Со постепена интеграција во одредени програми или политики на ЕУ најпрво би се договориле форми на учество што соодветствуваат на силните страни на државите-кандидати. Тоа создава многу можности за диференцијација соодветно на способностите на земјата за пристап. Во областа во која треба потесно да се поврзе со Европската Унија, мора да ги исполни потребните предуслови на соодветен начин и во пристапниот процес да биде соодветно напредна. Таквото поврзување би требало да вклучи земјата да учествува во соодветните комисии и формации на совети на државите-членки на ЕУ (без право на глас). Исто така, доколку би можел да се овозможи прием во внатрешниот пазар на ЕУ, тогаш земјата-кандидат би требало да ги исполни пристапните критериуми, пред Европската Унија да биде способна за прием.

Со ваквите чекори, Европската Унија би испратила повеќе пораки: од една страна, луѓето во пристапните земји би почувствувале дека тука припаѓаат. Во секој стадиум би ги искусиле соодветните политички, институционални и финансиски предности. Тоа би требало да ги охрабри нивните влади за забрзување на напорите за членство. Од друга страна, земјите како Русија и Кина би препознале дека државите-кандидати ѝ припаѓаат на Европската Унија. Истовремено, способноста за дејствување и одлучување на Европската Унија мора да биде подобрена за да биде способна да прифати други членки. Неопходно е постепено преминување кон повеќе носење одлуки со мнозинство, бидејќи во спротивно би имало премногу можности за блокади.

## АРБИТРАЖНИ ПОСТАПКИ

И принципот на супсидијарност мора да биде засилен. Европската Унија мора да се концентрира на задачите кои би можело подобро да бидат исполнети на европско ниво отколку на национално, регионално и локално ниво. Ова се однесува, пред сè, на надворешната и безбедносната, миграционата, економската, трговската, енергетската и еколошката политика.

За новата динамика на преговорите за проширување задолжителни се обврзувачки одредби за сите држави-членки на ЕУ и за земјите-кандидати, кои исклучуваат отворени билатерални прашања да може да бидат инструментализирани за време на пристапниот процес за обиди за уцена, како што беше случај со Северна Македонија од страна на Грција и Бугарија. За ова ќе мора да може да одлучи Европскиот совет во иднина со квалификувано мнозинство, дали спорот е од билатерална природа или се однесува на ЕУ-интеграцијата во целина. Доколку е од билатерална природа, тогаш мора да има арбитражна постапка. За интегративно-политичките спорови треба да одлучи Европскиот суд на правдата.

Во поглед на глобалните предизвици, на империјалистичка Русија и системскиот конкурент Кина, потребни ни се барем овие реформи, за да создадеме нова динамика во процесот на проширување и да ја зајакнеме способноста за дејствување на Европската Унија. Искуствата од дваесет години успешно спојување на Европа би требало да ни ги дадат волјата и силата за тоа.

*- преведено од германски -*

*Првпат објавено во Die Politische Meinung, 69. Jahrgang, POM 24/III, бр. 586, стр. 29–33. https://www.kas.de/de/web/die-politische-meinung/artikel/detail/-/content/europaeische-selbstbehauptung*

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Иван Иванов,**

е доцент на политички студии при Правниот факултет на „Меѓународен Балкански Универзитет“ во Скопје. Дипломира на политичките студии на Правниот Факултет “Јустинијан Први” во Скопје во 2013. Магистрира на истиот факултет во 2015 на насоката применета политика. Во 2019 докторира во Истанбул на универзитетот BAU на факултетот за политички науки и меѓународни односи. Иван Иванов исто така е претседател на извршниот одбор на „Меѓународниот центар Алијанса на цивилизациите“.

Изворна научна статија
УДК: 321.7(100)

Иван Иванов

# ДЕМОКРАТСКА РЕЦЕСИЈА

ПОЛИТИЧКА МИСЛА
68

## ВОВЕД

Во втората половина на 21 век, демократијата како никогаш досега се соочува со предизвици кои ја тестираат нејзината отпорност и навидум загарантираната долготрајност. Граѓаните ширум светот прикажуваат скептицизам и разочарување кон традиционалните политички структури чие лидерство го доживуваат како неодговорно и во заложништво на политичките и економските елити кои го приоритизираат сопствениот интерес на сметка на потребите и загриженоста на пошироката јавност. Оваа перцепција е поддржана од рекордната стапка на корупција, непотизмот и кронизмот, преку кои моќните интереси прекумерно влијаат врз процесот на носење одлуки.  Како резултат на тоа, граѓаните се чувствуваат маргинализирани од демократските процеси, што води до ерозија на политичката култура и намалување на довербата во способноста на демократските институции да служат на јавниот интерес.

Во академските кругови постои дебата во која се согледува севкупноста на демократијата како историски и општествен феномен и се потенцира фактот дека периодот во кој моментално живее човештвото, односно дека епохата на доминантниот демократски наратив, е минлив.[1] Оваа идеја ја согледува демократијата како историска аномалија која настанала и се развила во својот сегашен облик благодарение на збирот на посебни услови и околности, но нејзиното натамошно постоење не е воопшто загарантирано. Демократијата како систем на политичко уредување на државите, во текот на пет илјади години, се јавува во исклучително краток интервал од 100 до 200 години, додека во другиот временски период доминираат политички системи засновани врз принципот на владеење на еден или неколкумина. Доволно е да се согледа историскиот контекст на развојот на човековата цивилизација за да се воочи овој факт.

Прашањето за отпорноста и слабоста на демократските системи е тема во академските и медиумските кругови веќе неколку децении, но како изминува времето, се стекнува впечаток дека некогаш виталниот систем станува неспособен да ги поднесе предизвиците, кои порано со леснотија ги совладувал.

Листата на закани за демократијата во светот постојано се зголемува. Како најсериозни се наведуваат: авторитаризмот, популизмот, корупцијата, нееднаквоста и сиромаштијата, ерозијата на слободата и независноста на медиумите, апатијата и цинизмот на граѓаните, поларизацијата и социјалните

1 Најчесто, вакви ставови се присутни во анализите на “Journal of Democracy” https://www.journalofdemocracy.org/

поделби, слабеење на владеењето на правото, дезинформациите и онлајн манипулациите, заканите како и злоупотребата на цивилното општество и слободата на здружување, необразованоста и политичкото незнаење. Анализирајќи го демократското управување, како и социјалните и економските аспекти на демократијата, може да се заклучи дека искоренувањето на социјалната нееднаквост и сиромаштијата, но и пристапот до квалитетно образование и здравствена заштита се едни од клучните елементи за унапредувањето и гарантирањето на инклузијата во едно демократско општество. Покрај тоа, слободата на изразување, но и улогата на медиумите, претставуваат клучни елементи за остварување на демократските капацитети. Без слободата и независноста на медиумите, а со тоа и пристапот до информации на јавноста, без отворениот дијалог и надзорот врз власта, постои закана демократските процеси да застранат поради злоупотреба на власта.

Роберт Михелс уште во 1911 предупредуваше дека сите комплексни организации, без разлика на нивниот степен на демократија, секогаш завршуваат како олигархија или тиранија на хетерогено малцинство.[2]Демократијата не би можела да преживее без организација и организациона структура бидејќи би се распрснала во неконзистентна толпа. Со други зборови, без присуство на организациона структура, демократијата многу лесно може да прерасне во хаос и непоредок, односно враќање во Хобсовата природна состојба како најлош облик на поредок. Следејќи го „железниот закон на олигархијата“ изведен од парадоксот на Михелс, кој во суштина го претставува контрадикторниот однос меѓу демократијата и организацијата, заклучокот е дека кога се зголемуваат организационите капацитети се намалува или пак исчезнува демократијата. Имено, зголемениот степен на организација, а со тоа и зголемената улога на лидерите е обратнопропорционален со важноста на демократијата. Но тој согледува една сличност меѓу организацијата и демократијата, а тоа е дека и демократијата и организацијата претставуваат оружје кое се наоѓа во рацете на слабите и немоќните во борбата против моќните.[3]

За жал, општ впечаток денес е дека олигархијата, или тиранијата на моќното малцинство преку изборните процеси само симулира демократија за да се здобие со демократски легитимитет. Ова е сè почест случај во денешно време ширум развиениот демократски свет.

---

2 Michels, Robert, Political Parties: A Sociological Study of the Oligarchical Tendencies of Modern Democracy, Transaction Publishing, 1999

3 Ibid.

## ДЕМОКРАТСКА РЕЦЕСИЈА: ИНДЕКСИ И ИЗВЕШТАИ – ЗАГРИЖУВАЧКА ЕМПИРИЈА

Според Семјуел Хантингтон, демократизацијата се одвивала во бранови, секој од нив карактеризиран со наплив на бројот на демократии, проследени со периоди на демократски пресврти и стагнации или таканаречени „обратни бранови". Хантингтон детектира три клучни бранови на демократизација, и тоа: Првиот бран од 1828 до 1926, под влијание на Американската и Француската револуција, кој ја инспирирал постепената експанзија на демократските институции во земји како Соединетите Американски Држави, Британија и Франција. Она што го отсликува овој таканаречен прв бран се зголемените избирачки права во повеќе сегменти од општеството, понатаму, создавањето на парламентарни системи и уставни монархии и секако, сѐ позначајната улога на цивилното општество и растот на бројот на политичките партии. Како и да е, овој прв бран, за кратко време се соочил со уназадување поради растот на авторитарни режими во меѓувоениот период, вклучувајќи ја и појавата на фашистички и комунистички влади. При крајот на 20-тите и почетокот на 30-тите години на минатиот век, мноштво од демократиите создадени во овој период колабирале и биле преземени од авторитарните тенденции (Германија, Италија, Шпанија, Португалија, Унгарија, Австрија, Грција итн.). Вториот бран според Хантингтон го следи периодот по Втората светска војна (1943-1962), кој бил поттикнат, пред сѐ, од поразот над фашистичките режими, а дополнително бил забрзан поради процесите на деколонизација. Во овој период започнале процеси на демократизација во земјите кои припаѓале на силите на Оската (Германија, Италија и Јапонија), а биле проследени со процесите за прогласување независност и демократизација во поранешните колонии во Азија, Африка и Блискиот Исток. Во овој период се бележи зајакнување на демократските институции во Западна Европа и Америка преку Маршаловиот план за одново градење на економиите и стабилизирање на демократските институции во земји како Франција, Белгија и Холандија. Секако во овој поствоен период клучен процес е европската интеграција преку создавањето на Европската заедница за јаглен и челик во 1951 и Европската економска заедница во 1957, со што се промовирала економската соработка и политичката стабилност во западно-европските демократии. Во исто време, во Латинска Америка, се бележат примери на демократизација во земји како Коста Рика и Венецуела.

Овој втор бран, слично како и првиот, бил предизвикан од вториот „обратен бран" на демократизација поради порастот на воените удари и авторитарните режими во Латинска Америка, Африка и Азија при крајот на 50-тите и почетокот

на 60-тите години на минатиот век. Студената војна исто така придонела кон поддршката на авторитарни режими преку инволвираноста на САД и Советскиот Сојуз, поради нивни стратешки причини.

Третиот бран  според Хантингтон започнал со Португалската револуција во 1974 и предизвикал таканаречен „ефект на снежни топки", односно ефект воден од претпоставката дека извесен процент на демократизација во една земја може да инспирира, предизвика и да катализира слични движења во соседни земји или пак региони. Овој ефект всушност е засилен преку споделените културни, историски или пак геополитички контексти. Во овој период, покрај Португалија, започнале процесите на демократизација во земји како Шпанија и Грција, но и демократска транзиција во мноштво земји во Латинска Америка и Азија, како Аргентина, Бразил, Чиле, Јужна Кореа, Тајван и Филипини. Во овој бран кој го следи и крајот на Студената војна, пропаднале и комунистичките режими во Источна Европа и Советскиот Сојуз.[4]

Иако Хантингтон експлицитно не предвидел трет „обратен бран", тој сепак ја остава отворена можноста за демократско уназадување. Оттука, мноштво научници и аналитичари веќе ја заговараат идејата за „демократска рецесија" која ја рефлектира нивната загриженост околу долготрајноста и стабилноста на демократиите ширум светот. Имено, доколу се анализираат причините за двата „обратни брана" на демократизација, ќе ги забележиме истите тенденции кои ја поткопуваат демократијата како модел во последнава деценија. Тука, пред сѐ, станува збор за економските кризи и сѐ поголемата нееднаквост, политичката поларизација и екстремизмот, слабоста на демократските институции, порастот на авторитарни идеологии, неуспехот за меѓународна соработка, воени преврати, слаби и октроирани цивилни општества и секако харизматични авторитарни лидери.

Во научната расправа сѐ почесто се среќава загрижувачката тенденција на „демократска рецесија" која посочува на ерозијата, застојот и регресот на демократските институции, процеси и норми. Прв автор кој го употребува терминот „демократска рецесија" е професорот од Универзитетот Стенфорд, Лери Дајмонд во својата книга „The Spirit of Democracy".[5]Тој расправа дека почетокот на демократската рецесија може да се лоцира со воениот удар во 1999 година во Пакистан „кој го симболизира неуспехот на многу од новите демократии да

4 Huntington, P., Samuel, The Third Wave – The Democratization in the Late Twentieth Century, University od Oklahoma Press, 1991

5 Diamond, Larry, The Spirit of Democracy – The Struggle to Build Free Societies Throughout the World, Times Books, Henry Hold and Company, New York, 2008

ги спроведат своите перформанси доследно, сè со цел остварување на развој, социјален мир и добро владеење. Оттогаш, има назадување на демократијата во многу влијателни држави како Русија, Венецуела, Нигерија и Тајланд, а демократијата сериозно се влошува во други големи, важни земји како Филипините и Бангладеш.“[6] Имено, анализите на Дајмонд се потпираат врз три индикатори: Freedom House, Economist Inteligence Unit и Varieties of Liberal Democracy. Иако понекогаш збирните глобални трендови бележат умерен демократски дефицит од 2006 па навака, при што најголема ерозија се забележува во Суб-сахарска Африка, големата слика изгледа далеку позагрижувачка. Така на пример, во 1900 година, во светот имало само 11 демократии; во 1920 бројот се искачил на 20 демократии; во 1974 - 29; до 1993 станале 77, по првпат мнозинство од вкупно држави во светот; до 2005 биле 89, во 2020 паднале на 82, додека пак во втората деценија на 21 век една од 6 демократии доживеала неуспех.

Секоја година во јануари се објавуваат извештаите за претходната година. Исто е и со извештаите и глобалните индекси за слободата и демократијата во светот. Како најрелевантните и највлијателни изготвувачи на ваквите извештаи и глобални индекси за демократијата се сметаат годишните извештаи на Фридом хаус, Демократскиот индекс на Економист интелиџенс јунит, В-Дем на Универзитетот во Гетеборг, Институтот за демократија и изборна помош (ИДЕА) со седиште во Стокхолм... Нивните индекси и годишни извештаи имаат значаен придонес во анализата на состојбата на демократијата во светот.

Во индексите и извештаите се наведуваат повеќе причини за продолжувањето на трендот на опаѓањето на довербата во демократијата и намалување на бројот на демократии во светот. Овој тренд, кој трае повеќе од 15 години, го носи токму епитетот „демократска рецесија“. Како посебни предизвици се спомнуваат последиците од глобалната економска рецесија која започна кон крајот на 2007 година и веќе најавената нова глобална економска рецесија, последиците од пандемијата предизвикана од ковид-19, климатските промени, војната во Украина.

Општ заклучок на сите годишни извештаи и демократски индекси за 2023 е дека светот станува сè помалку демократски. Демократијата секаде се соочува со опаѓање, а автократијата е во пораст. На глобално ниво, бројот на земјите кои се движат кон авторитаризам во последните шест години е двојно поголем од бројот

6 Ibid. p. 12

на земји кои се движат кон демократија. Се влошуваат граѓанските слободи и владеењето на правото, а авторитарните влади стануваат сèповеќе репресивни.

Според демократскиот индекс на Economis Inteligence Unit за 2023, 7,8 % од светското население живее во таканаречена „целосна демократија", односно неа ја има во 24 земји (во нив од 2017 не спаѓаат САД), 37,6 % од населението или пак 50 земји живеат во дефектни или демократии со недостатоци, 15,2 % во хибридни режими, односно 50 земји, и една третина од светот, односно 39,4 % или поточно 59 земји, во авторитарни режими.[7]

**Индекс на демократија 2023, глобална карта според типот на режимот**




Извор: EIU

Метриката на EIU се спроведува преку пет категории: Изборните процеси и плурализмот; владината функционалност; политичката партиципација; политичката култура и граѓанските слободи. Иако од 2008 па наваму постои тенденција на влошување во сите пет категории, најизразено и најзагрижувачко е опаѓањето на граѓанските права и изборните процеси и плурализмот.

7 https://www.eiu.com/n/campaigns/democracy-index-2023/

Democracy Index categories, 2008-23




**Извор**: EIU

Според извештајот на Фридом хаус од 2024, се вели дека само 20 % од светското население има пристап до политички слободи и права. Изминатите 18 години се одбележани со последователно демократско уназадување. Речиси насекаде падот на политичките слободи и права беше предизвикан од нападите врз плурализмот. Вкупно во 52 земји се бележи опаѓање, додека само во 21 земја напредок, што е најниска тенденција во последните 18 години.[8]




Извор: Freedom House

Може да се заклучи дека постои сериозна ерозија на довербата во демократските институции. Така на пример, во најстарата современа демократија САД, според истражувањето на агенцијата Галуп, само 26 % Американци имаат висок степен на доверба во 14 главни институции на САД која е најниска досега. Трите гранки

8 https://freedomhouse.org/countries/freedom-world/scores

на власта забележуваат натамошен пад на довербата во однос на 2021 година и рекорден пад во рамките на последните четири децении. Довербата во претседателот на САД е 26 %, што е за 15 % помалку од 2021 година. Довербата во Врховниот суд е 25 %, додека само 7 % доверба во работата на американскиот Конгрес.[9]

Слична е и состојбата со ЕУ, каде што спроведеното истражување на 200.000 лица за периодот од 2020 до 2023 укажува на опаѓање на довербата во ЕУ и во националните институции.

Пандемијата предизвикана од ковид-19 донесе ограничувања на политичките и граѓанските права во многу земји. Ваквите мерки во повеќе земји се користат за зголемена репресија и софистициран дигитален надзор над населението. Политиката на страв доведе до поларизација, дискриминација, маргинализација и ксенофобија. Институционалната слабост и опаѓање на довербата во општествените конвенции, контрола и рамнотежа се широко распространети. Самиот концепт за вистината е на удар.

Од последните извештаи и „полиси пејпери“ на институтот Oxfam[10] може да се прочитаат фрапантни податоци:

1. Од 2020, значи од почетокот на пандемијата со ковид-19, најбогатите 1 % присвоиле речиси 2/3 од своето ново богатство – двојно повеќе пари од 99 % од светската популација.
2. Богатството на милијардерите се зголемува за 2,7 милијарди дневно, дури кога инфлацијата ги надминува платите на најмалку 1,7 милијарди работници.
3. Прехранбените и енергетските компании двојно го имаат зголемено својот профит во 2022, исплаќајќи 257 милијарди долари на богатите акционери, додека 800 милиони луѓе секоја вечер легнуваат да спијат гладни.
4. Само 4 центи од секој долар од даночните приходи доаѓа од данок на богатство, половина од светските милијардери живеат во земји во кои нема данок на наследство на парите кои им ги даваат на своите деца.
5. Данок од 5 % на светските мултимилионери и милијардери може да собере 1,7 трилиони долари годишно, доволно да се извлечат од сиромаштија 2 милијарди луѓе и да се финансира глобален план за искоренување на гладот.

9 https://news.gallup.com/poll/512651/americans-trust-local-government-congress-least.aspx
10 https://www.oxfam.org/en/research/survival-richest

Екстремен раст на социјалната нееднаквост настанал за време на пандемијата. 1 % од најбогатите извлекол 63 % од своето ново богатство, што е повеќе од 26 илјади милијарди од 2020 до 2022. Горните 9 % под нив добиле 27 % од своето ново богатство, или 11 илјади милијарди, оставајќи само 10 %, или околу 5 илјади милијарди за другите 90 % или 7,2 милијарди луѓе.

Најголем дел од владите во светот, или 95 %, не ги зголемиле даноците на богатите, наместо тоа некои дури ги намалиле даноците на богатите луѓе и на корпорациите.[11]




**Извор:** Oxfam calculation based on Credit Suisse Global Wealth Report

Демократијата е динамичен систем кој се менува со текот на времето и во зависност од контекстот. Кога тоа ќе се земе предвид, иднината на демократијата зависи од многу фактори, вклучително и различните кризи со кои светот се соочува истовремено, кои предизвикуваат т. н. „поликриза“[12], почнувајќи од порастот на трошоците за живот до ризикот од нуклеарен конфликт. Поликризата доведува до опаѓање на демократските стандарди во светот и

11 https://oxfamilibrary.openrepository.com/bitstream/handle/10546/621477/bp-survival-of-the-richest-160123-en.pdf

12 Терминот „поликриза“ за првпат е употребен на климатската конференција на ОН (COP27) во Шарм Ел-Шеик во ноември 2022, за веднаш потоа да се искористи и за време на Светскиот економски форум во Давос и тој влезе во нивниот извештај за глобалните ризици од јануари 2023: „... Истовремените шокови, длабоко поврзаните ризици и еродираната отпорност даваат поттик на опасност од поликризи“. https://www.weforum.org/publications/global-risks-report-2023/

ерозија на демократијата. Високата инфлација, економските проблеми, кризите во снабдувањето со енергија, кризата со храна, опаѓањето на животниот стандард, двојните стандарди во однос на миграцијата и бегалците се само дел од аномалиите.

На глобално ниво, демократијата се соочува со различни закани, а сè поактуелен станува проблемот со легитимноста на изборните резултати, ограничувањето на слободите и правата на интернет, тврдокорната корупција, подемот на екстремно десни политички партии. Во повеќе земји постои голема политичка поларизација, дисфункционалност на институциите и загрозување на граѓанските слободи и права. Како најважни актери за јакнење на автократските системи и ерозија на демократските норми се потенцираат политичките и економските елити кои сакаат да го заштитат својот клиентелистички и корумпиран систем. Оние на кои им се заканува сиромаштија, глад, социјална исклученост, а не гледаат напредок преку демократски процес, често се заслепени од популистички алтернативи, и тоа не само во земјите во развој, туку и во најразвиените демократии.

Сè помал број на луѓе веруваат дека демократијата може да одговори на вакви кризи и предизвици. Загрижувачки податок е и фактот за отсуство на млади луѓе од демократските институции. Иако 50 % од светската популација се млади до 30 години, само 2,6 % членови на парламентите се од оваа старосна група. Жените иако се 50 % од населението, застапени се со 26,4 % во парламентите.

Демократската јавност бара промени во политиката кои ќе им дадат надеж за подобра иднина. Доколку тоа не се исполни, нивните барања можат да прераснат во притисок за промена на режимот и приклонување кон популизам и авторитаризам.

Центарот за иднината на демократијата при Универзитетот во Кембриџ во студија истакнува дека довербата во демократијата се намалува зашто демократските институции не успеале да решат некои од големите кризи на нашето време, оценувајќи дека подемот и растот на популизмот повеќе е симптом отколку причина на „демократската рецесија“.[13]

Популизмот е закана не за демократијата сама по себе, туку за доминантната либерална варијанта на демократијата. Популизмот ги прифаќа принципите на народниот суверенитет и демократијата сфатена како директен начин како практикување на мнозинска власт. Популизмот е скептичен во однос на

13 https://www.bennettinstitute.cam.ac.uk/blog/centre-future-democracy/

конституционизмот, бидејќи формалните, ограничени институции и процедури го попречуваат мнозинството да ја оствари својата волја. Затоа популистите се против слободата на печатот, за слабеење на уставните судови, концентрација на моќта во рацете на извршната власт и маргинализирање на групи граѓани врз основа на етничко, религиозно или национално потекло и ја поткопуваат либералната демократија однатре.

Популизмот всушност претставува нелиберален демократски одговор на недемократскиот либерализам, затоа е помалку нападна демократијата отколку корекција на нејзиниот дефицит. Популизмот ја разбира елитата како безнадежно корумпирана. Сепак популизмот е непријател на плурализмот, а со тоа и на модерната демократија. Популистичките лидери ги напаѓаат „непријателите на народот“ со moralистички термини како корумпирани, себични, оддадени на заговори против обичните граѓани. Популизмот ги втурнува демократските општества во бескрајна серија на морализирани конфликти со нула сума, ги загрозува правата на малцинствата, им овозможува на надмоќни лидери да ги уништат контролните механизми кои го блокираат патот кон автократија. Привлечноста на популизмот е поради неговиот племенски манихејски поглед и постојаните конфликти што ги носи и е длабоко вкоренет во трајната нецелосност на животот во либералните општества. Оваа ранливост помага да се објасни зошто за само 30 години промоторите на либералната демократија преминаа од триумфализам во очај.

Од тоа како европските земји ќе одговорат на популизмот и поликризата, ќе се дефинира судбината на демократијата во следните децении.

## ПРЕДИЗВИЦИ И ЗАБЛУДИ

Во својата влијателна статија од 1991, Филип Шмитер и Тери Лин Карл расправаат за заблудите и недоразбирањата околу демократијата, со цел да ги разјаснат и потенцираат суштинските карактеристики пресудни за функционалноста на демократските системи. Нивен заклучок е дека демократијата не подразбира само низа процедури или пак институции, туку комплексен систем кој вклучува мноштво политички, економски и социјални аспекти. Шмитер и Карл, посебен акцент ставаат на одговорноста, партиципативноста, владеењето на правото и заштитата на човековите права, како пресудни за опстојувањето и одржувањето на еден демократски систем. Тие стојат на ставот дека една демократија не може ефективно да функционира без институции кои ќе ги обезбедат и гарантираат правата на

граѓаните, кои ќе обезбедуваат заштита од злоупотребување на власта, и ќе им овозможат учество во политичките процеси.[14]

За двајцата автори дефинирањето на компонентите на демократијата може да претставува апстактен процес кој може да поттикне мноштво поттипови на демократија. Сепак, за да напредува една демократија постојат процедурални норми и граѓански права кои мора да бидат почитувани и следени. „Секоја политика која нема да наметне такви ограничувања врз себе, која нема да успее да го следи владеењето на правото во однос на сопствените процедури, не треба да се смета за демократска. Овие процедури сами по себе не ја дефинираат демократијата, но нивното присуство е неопходно за нејзиното опстојување. Во суштина, тие се неопходни, но не и доволни услови за нејзиното постоење.“[15]

Шмитер и Карл се повикуваат на „процедуралниот минимум“ на Роберт Дал кој ги дефинира условите од чија неопходност зависи опстојувањето на модерната политичка демократија: 1) Контролата врз владините одлуки за политиките е уставно доверена на избраните функционери; 2) Избраните функционери се избираат на чести и правично спроведени избори на кои принудата е релативно невообичаена; 3) Практично сите возрасни луѓе имаат право да гласаат при изборот на функционери ; 4) Практично сите возрасни луѓе имаат право да се кандидираат за изборни функции во власта; 5) Граѓаните имаат право да се изразуваат без опасност од строга казна за политички прашања, широко дефинирани; 6) Граѓаните имаат право да бараат алтернативни извори за информирање. Покрај тоа, алтемативните извори на информации постојат и се заштитени со закон; 7) … Граѓаните исто така имаат право да формираат релативно независни здруженија или организации, вклучувајќи независни политички партии и интересни групи.[16]

Иако според авторите, овие процедури кои ги сугерира Дал, а кои се поддржани од мноштво теоретичари ја содржат суштината на процедуралната демократија, Шмитер и Карл додаваат уште два дополнителни критериума кои би ја доусовршиле листата: **1)** Избраните функционери од страна на народот мора да бидат способни да ги извршуваат своите уставни овластувања без да бидат подложни или пак предмет на надмоќна опозиција од функционери кои не се избрани од народот. Според нив, демократијата би била загрозена ако воени

14 Schmitter, C., Philippe. Karl, Terry Lunn, What Democracy Is… and Is Not, Journal of Democracy, Volume 2, Number 3, Summer 1991, pp. 75-88

15 Ibid, pp. 81

16 Ibid

офицери, вкоренети државни службеници или пак државни менаџери го задржат капацитетот да делуваат независно од избраните функционери или пак да имаат можност да ги блокираат одлуките донесени од избраниците на народот. [17]

Токму овој дополнителен услов на Шмитер и Карл денес е сѐ повеќе компромитиран и злоупотребен, пред сѐ, од впечатокот дека постојат структури кои се предводници на „длабоката држава“ ширум демократски избрани режими во светот. Дури и во најразвиените демократии  постојат тенденции кои го посочуваат присуството на поединци и цели организации чија моќ не е институционализирана и во рамки на постоечките државни органи, а сепак поседува толкава моќ со која може да ги саботира одлуките и политиките на најважните полуги на одлучување во една демократска држава. Оваа политичка енигма на наводни неформални групи составени од државни, воени и разузнавачки структури, неретко влегуваат во сферата на „теории на заговор“, притоа немајќи јасна дефиниција што всушност претставува длабоката држава.

Според американскиот експерт Винстон Берг, терминот длабока држава се појавил во активистичкото милје по основањето на движењето „Студентите за демократско општество“, кое се обидело да поттикне политичко престројување по атентатот на поранешниот претседател на Соединетите Американски Држави, Џон Кенеди. „Оние од екстремната десница кои го користат терминот за да изнесат обвиненија за заговор на наводни субверзиви во административната држава несвесно се потпираат врз долготрајна, но малку анализирана интелектуална традиција. Во таа традиција, теориите на заговор имаат намера да ги откријат вистинските намери на политичките актери со цел да се олесни соработката и регрутирањето низ идеолошките и партиските поделби. Од повоениот период до денес, теориите на заговор, а особено вокабуларот за „длабока држава“, слободно циркулираа низ политичкиот лево-десничарски јаз.[18]

Најекстремниот наратив води кон тоа дека се зборува за тајни влади кои контролираат заткулисно, а пак демократско избраните влади служат само како параван. Но според Берг постои поизбалансиран поглед на оваа проблематика. Имено, доколку го занемариме ова екстремното сфаќање, сепак ќе увидиме дека постои загриженост околу големата корупција на демократските избрани влади и потчинување кон бројни регулаторни тела кои имаат различни надворешни интереси.[19] Токму оваа потчинетост е индикаторот кој ја поткопува

17 Ibid
18 Berg, Winston, “Origins of the Deep State Trope” Critical Review: A Journal of Politics and Society 35 (4):281-318 (2023)
19 https://www.bbc.com/serbian/lat/svet-68375660

довербата во народните избраници дека служат во име на народот и ги штитат неговите интереси. И да не постои т. н. „длабока држава“, сепак недостатокот од транспарентноста во носењето на одлуките и склучувањето на договорите ја саботира работата на владите.

Вториот дополнителен критериум на Шмитер и Карл, кој тие самите го нарекуваат имплицитен претходен услов на сите гореспоменати, вели: **2)** „Политиката мора да биде самоуправувачка; мора да може да дејствува независно од ограничувањата од некои други сеопфатни политички системи. Дал и другите современи демократски теоретичари веројатно го земаат овој услов здраво за готово, бидејќи тие се осврнуваат на формално суверените национални држави. Меѓутоа, со развојот на блокови, сојузи, сфери на влијание, и разновидни „неоколонијални“ аранжмани, прашањето на автономијата беше истакнато. Дали системот е навистина демократски ако избраните функционери не се во можност да носат обврзувачки одлуки без одобрување на актери надвор од нивниот територијален домен?“[20]

Токму овој предуслов денес е поткопан поради два меѓусебно зависни трендови: глобализацијата и „десуверенизацијата“. Сите претстави од глобализацијата меѓусебно се зависни и се во динамична интеракција, со постојано менување и приспособување на новосоздадените услови. Сето тоа го оневозможува осознавањето на нејзината севкупност, односно духот на времето. Идеологијата на глобализацијата, глобализмот, најсилно влијае и го доведува во прашање концептот на суверенитетот на државата креирана преку Вестфалскиот мир од 1648 година. Еродирањето на државниот суверенитет, кој се одвива во сите општествени сфери, предизвикува различни интерпретации, емоции и конфликти. Најмногу доаѓа до израз кај меѓународните норми кои се однесуваат на човековите права. Односно, оспорувањето на правото на државата на својата територија да ги регулира човековите права, но и создавањето двојни стандарди – она што важи за една земја не мора да важи во друга земја. Голем дел од некогашниот суверенитет на државите во ерата на глобализација се пренесува на наднационални институции (ЕУ), меѓународни организации (ООН) и невладини организации (глобално цивилно општество), а од друга страна и на пониски инстанци (градови и локални самоуправи). Ваквата нова реалност најчесто се именува како десуверенизација на вестфалскиот модел на држава.

20 Schmitter, C., Philippe. Karl, Terry Lunn, What Democracy Is... and Is Not, Journal of Democracy, Volume 2, Number 3, Summer 1991, pp. 81-82

Со Вестфалскиот мир, воспоставен во 1648 година, произлегува и дефинирањето на суверенитетот во меѓународните односи. Овој модел наречен Вестфалски за првпат ќе го заснова принципот на територијален суверенитет во меѓудржавните односи. Вестфалскиот модел ќе го опфаќа периодот од 1648 до 1945 година, иако многу негови претпоставки во меѓународните односи сè уште се на дело. Тој го опишува развојот на светската заедница која е составена од: суверени држави кои приватно ги решаваат сите свои несогласувања, неретко и со сила (или со закана со сила); држави кои воспоставуваат дипломатски односи но минимално соработуваат; држави кои се стремат сопствените интереси да ги стават над сите други и кои ја прифаќаат логиката на начелото за делотворност, односно дека во меѓународните односи владее начелото „силата го одредува правото“ и дека присвојувањето дава легитимитет.[21]

Секоја интервенција во внатрешните работи на друга држава претставува кршење на воспоставениот меѓународен правен поредок. Од сето она што е дефинирано во Вестфалскиот договор е зачната идејата за суверената државност, како основа за однесувањето на државите на глобално ниво. Кога една држава ќе го признае постоењето на некоја друга држава, тогаш таа го искажува формално правниот суверенитет. Почнувајќи од тој период, овие начела за државен суверенитет ќе опстојат до денешно време и ќе бидат содржани во декларацијата на Генералното собрание на Обединетите нации за принципите на меѓународното право од 1970 година.[22]

Токму процесот на десуверенизација е она што го поткопува вториот дополнителен услов на Шмитер и Карл за политиката во демократските земји како самоуправувачки процес. Со десуверенизацијата, според некои теоретичари, би дошло до исчезнување на државата каква што ја знаевме во последните три века. Иако државата во забрзаната глобализација губи голем дел од својата сувереност, губи голем дел од своите функции и овластувања, во догледна иднина државата сепак ќе остане доминантна форма во меѓународните односи. Државата и понатаму ќе врши суштествени, економски и политички функции и во тој поглед

---

21 Вестфалскиот модел според Дејвид Хелд има седум одлики: 1. Светот е поделен на суверени држави кои не признаваат каква и да е повисока власт; 2. Процесите за носење на закони, решавање на спорови и спроведувањето на законите во најголем дел се во рацете на индивидуалните држави; 3. Меѓународното право е насочено кон воспоставување минимални правила на коегзистенција. Создавање трајни односи меѓу државите и народите е цел, но само доколку не ги ограничува остварувањата на целите на националната политика; 4. Одговорноста за прекршувањето на границите е „приватна работа“ која се однесува само на оние кои ги сносат последиците; 5. Сите држави се сметаат за еднакви пред законот: законските прописи не ја земаат предвид асиметријата на моќта; 6. Разликите меѓу државите во краен исход се решаваат со сила, принципот на делотворна сила останува непоколеблив. Речиси не постои ниедна правна бариера што би можела да го заузди приклонувањето на силите. Меѓународните правни стандарди даваат минимална заштита; 7. Минималното ограничување на слободите на државите е „колективен приоритет“. Held, Dejvid, Demokratija i Globalni Poredak, Filip Višnji ć, Beograd, 1997, p. 99

22 2625 (XXV). Declaration on Principles of International Law concerning Friendly Relationsand Co-operation among States in accordance with the Charter of the United Nations

ниедна организација не може да ѝ конкурира. Но несомнено глобализацијата предизвикува десуверенизација, односно исчезнување на Вестфалскиот модел на суверена држава. Десуверенизацијата е најочигледна врз националните економии, кои го губат своето изворно значење бидејќи сè помалку се поврзани со државата – нација и животните потреби на нивните граѓани. Станува збор за десуверенизирани економии.

Шмитер и Карл тврдат дека модерната демократија не треба да се поистоветува со конкретен сет на правила, културен контекст или ниво на развој. Тие предупредуваат на нереалните очекувања дека демократијата ќе ги реши сите политички, социјални, економски и културни проблеми. Демократиите не се нужно поекономично ефикасни од другите форми на владеење, особено за време на транзицијата кога елитите може да се вклучат во одлив на капитал и дезинвестирање. Демократиите често имаат побавни процеси на донесување одлуки и повисоки трошоци поради поширокитe барања за консултации и неопходните компромиси, што може да доведе до незадоволство меѓу населението. Понатаму, демократиите можеби нема да изгледаат постабилни или поуредни од автократиите во почетокот, бидејќи слободата на изразување може да доведе до постојани конфликти и преговори за новите правила и институции. И покрај овие предизвици, демократиите имаат уникатна способност да се приспособуваат консензуално на променливите околности, нудејќи подобра шанса за постигнување долгорочен економски раст, социјален мир и политичка хармонија во споредба со автократиите. Шмитер и Карл нагласуваат дека, иако демократијата можеби нема веднаш да ги произведе сите посакувани резултати, таа обезбедува рамка за мирно натпреварување на политичките институции, редовни процедури за решавање на конфликти и силни врски со цивилното општество, што на крајот може да доведе до подобрено управување и општествен развој.

Сепак, Шмитер и Карл тврдат дека демократизацијата не води автоматски до економски раст, социјален мир, административна ефикасност, политичка хармонија, слободни пазари или „крај на идеологијата“, а најмалку до „крај на историјата“. Иако таквите квалитети би можеле да ја олеснат консолидацијата на демократијата, тие не се ниту предуслови ниту непосредни резултати. Наместо тоа, фокусот треба да биде на развивање политички институции кои можат мирно да се натпреваруваат за да формираат влади и да влијаат на јавните политики, ефикасно да управуваат со социјалните и економските конфликти преку редовни процедури, и да воспостават силни врски со граѓанското општество за да ги претставуваат своите конституенти и да се залагаат за колективни

акции. Некои демократии, особено во земјите во развој, се соочиле со тешкотии во исполнувањето на ова ветување поради условите на нивниот премин од авторитарно владеење. Демократската опција е дека, еднаш воспоставен, таквиот режим не само што ќе се одржува во своите почетни ограничувања, туку и ќе се проширува надвор од нив. За разлика од авторитарните режими, демократиите имаат способност консензуално да ги модифицираат своите правила и институции како одговор на променливите околности, овозможувајќи на крајот да ги постигнат посакуваните резултати.

Неможноста да се постигне сево ова, секоја година, последователно, ја влошува и ја уназадува состојбата на демократиите, глобално.

## ШТО ПОНАТАМУ?

Сè поизвесно е дека триумфализмот на либералната демократија по падот на Берлинскиот ѕид и уривањето на комунистичките режими во Источна Европа не нè донесе до „крајот на историјата“,  ниту пак до крајната точка на социо-политичката еволуција како што заговараше Френсис Фукујама. И тој самиот во изминативе години искажува загриженост за иднината на демократијата. Неодамна, во мај 2024 година, во неговата статија „Boredom at the End of History, Part I“, самиот Фукујама ја детектира демократската рецесија не само поради порастот на авторитарните големи сили како Русија и Кина, но и поради уназадувањето на многу потенцијални нови демократии како Тунис, Мјанмар, Ел Салвадор и Грузија. За него застрашувачки е порастот на популистичко-националните движења во постарите демократии како САД и Индија и во бројни европски земји, но и сè поочигледното губење на довербата во демократијата како форма на владеење, што во САД се чувствува на двата краја од политичкиот спектар.[23] Сепак, она што е впечатливо за современата демократска рецесија, ќе заклучи Фукујама, е тоа што „малкумина од оние луѓе кои изразуваат незадоволство од либералната демократија се способни да артикулираат јасна визија за алтернативен општествен систем кој е системски супериорен. Вистина е дека современите либерални демократии не успеаја да го исполнат своето основно ветување за еднаков третман според законот. Ова ги вклучува и САД, најстариот таков режим. Но, малкумина се сомневаат во основните принципи кои произлегоа од Француската и Американската револуција

23 https://www.americanpurpose.com/articles/boredom-at-the-end-of-history-part-i/

на политички поредок заснован врз двојните принципи на слобода и еднаквост, или на еднаквост на слободата. Навистина постојат алтернативи засновани врз привилегирање на една подгрупа на луѓе над другите, врз основа на религија или етничка припадност или националност. Но, тоа се едвај системи што ќе привлечат некој друг освен привилегираната група за која станува збор."[24] Сепак, ваква тенденција гледаме и во демократските системи кои сè повеќе се движат кон олигархии или пак тирании на хетерогените малцинства, како што предвиде Михелс. Ова, пред сè, го гледаме во секојдневниот револт на граѓаните кој неретко се прелева на улиците, не како револт кон демократијата како модел, туку кон елитите и нивната злоупотреба на демократските капацитети и механизми.

Демократските системи се засновани врз претпоставката дека сите граѓани имаат еднаква можност да учествуваат во процесот на одлучување. Меѓутоа, во многу земји, особено во развиените демократии, постои проблем со намалено учество на граѓаните во изборите и другите форми на учество. Затоа, еден можен пат за иднината на демократијата е повеќе фокус на учеството на граѓаните и зголемување на нивната активност. Воедно, светот се соочува со авторитарни режими кои не ги почитуваат демократските принципи. Борбата против авторитаризмот е клучен фактор за заштита на демократијата. Затоа, меѓународните институции и демократските земји треба да продолжат со активните напори за поддршка на демократските сили во земјите каде што авторитаризмот е во пораст. Но следењето на трендовите и промените кои го чекаат светот во иднина велат дека демократијата до 2050 година ќе се соочи со голем парадокс: „оние кои ја немаат ќе ја добијат уште повеќе. Оние пак, кои ја имаат, ќе гледаат како да ја намалат. Таа ќе напредува во авторитарните држави, а ќе се повлекува во слободните".[25]И навистина, во напредните демократски земји отсуството на правилното користење на демократските механизми или пак нивната злоупотреба, ја влошува генералната состојбата и го зголемува револтот, додека пак отсуството на слободи и права во авторитарните режими ја нагласува сè поголемата потреба од демократска свест. Со други зборови, негативната слобода се покажува како полесна за освојување отколку позитивната. „Борбата за демократија е полесна од нејзиното практикување."[26]

Не секогаш е доволно да се има само демократски процеси, тие мора да бидат инклузивни и да се вклучуваат различни заедници. Ова вклучува обезбедување

24 Ibid
25 The Economist, MEGACHANGE – The World in 2050, The Economist Newspaper Ltd, 2012, pp. 142-143
26 Ibid

на еднаква пристапност до информации, еднакви можности за учество, како и заштита на правата на малцинствата и заштита на изборите од злоупотреби. Кризите, како што се епидемиите, катастрофите, економските кризи, имаат значаен удар врз демократските системи. Во некои случаи, владите можат да ги злоупотребуваат кризите за да ја подобрат својата политичка моќ, или да ги ограничат правата на граѓаните во името на безбедноста. Затоа, кризите бараат од демократските лидери да бидат одговорни и да употребуваат демократски процеси за управување со нив. Истовремено, технолошките напредоци донесуваат нови можности и предизвици за демократијата. На една страна, технологијата може да обезбеди нови начини за учество и вклучување на граѓаните во демократските процеси. Сепак, технолошките напредоци можат и да бидат користени за манипулација на информации, за нарушување на приватноста и за злоупотреби на политичката моќ. Конечно, иднината на демократијата зависи и од меѓународната соработка меѓу демократските земји и меѓународните институции. Демократските земји треба да работат заедно за поддршка на демократијата во светот и за борба против авторитаризмот и нарушување на човековите права. Ова вклучува поддршка за демократските сили во земјите каде што демократијата е поткопана, како и заштита на демократските институции и процеси.

Може да се каже дека иднината на демократијата зависи од многу фактори и единствени решенија не постојат. Затоа, потребно е фокусирање на промоција на инклузивни и одговорни демократски процеси, заштита на правата на граѓаните и борба против авторитаризмот, како и на промовирање на меѓународната соработка меѓу демократските земји. Овие напори треба да се вметнат во широкиот контекст на социјална, економска и еколошка одржливост, бидејќи демократијата не може да се зацврсти во услови на социјална и економска нерамноправност и еколошки кризи. Треба да се има предвид дека демократијата не е постојана и статична состојба, туку постојано е во движење и е процес на промена и усовршување. Така што, важно е да го проценуваме и да го развиваме демократскиот систем, во согласност со потребите и предизвиците на нашето време, за да можеме да го заштитиме и усовршиме како држави и како светска заедница. „На светската политика ќе ѝ треба силно чувство за јавна благосостојба – демократијата сама по себе не е доволна.“[27]

27 The Economist, MEGACHANGE – The World in 2050, The Economist Newspaper Ltd, 2012

## БИБЛИОГРАФИЈА:


1. Michels, Robert, Political Parties: A Sociological Study of the Oligarchical Tendencies of Modern Democracy, Transaction Publishing, 1999
2. Diamond, Larry, The Spirit of Democracy – The Struggle to Build Free Societies Throughout the World, Times Books, Henry Hold and Company, New York, 2008
3. Schmitter, C., Philippe. Karl, Terry Lunn, What Democracy Is... and Is Not, Journal of Democracy, Volume 2, Number 3, Summer 1991
4. Held, Dejvid, Demokratija i Globalni Poredak, Filip Višnji ć, Beograd, 1997
5. Berg, Winston, "Origins of the Deep State Trope" *Critical Review: A Journal of Politics and Society* 35 (4):281-318 (2023)
6. The Economist, MEGACHANGE – The World in 2050, The Economist Newspaper Ltd, 2012
7. 2625 (XXV). Declaration on Principles of International Law concerning Friendly Relations and Co-operation among States in accordance with the Charter of the United Nations
8. https://www.eiu.com/n/campaigns/democracy-index-2023
9. https://freedomhouse.org/countries/freedom-world/scores
10. https://news.gallup.com/poll/512651/americans-trust-local-government-congress-least.aspx
11. https://www.oxfam.org/en/research/survival-richest
12. https://oxfamilibrary.openrepository.com/bitstream/handle/10546/621477/bp-survival-of-the-richest-160123-en.pdf
13. https://www.bennettinstitute.cam.ac.uk/blog/centre-future-democracy/
14. https://www.bbc.com/serbian/lat/svet-68375660
15. https://www.americanpurpose.com/articles/boredom-at-the-end-of-history-part-i/

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Оливер Ернст,**
роден 1967 г. во Дуизбург, доктор на политички науки, публицист, референт за демократија и човекови права, главен оддел Анализа и советување, Фондација Конрад Аденауер.

Полемика

УДК: 327.36:061.1(4)"1973/2025"

Оливер Ернст

# ОБСЕ И НЕЈЗИНАТА „ХУМАНА“ ДИМЕНЗИЈА

## ЗА НАДМИНАТИТЕ И НОВИТЕ ЈАЗОВИ ВО ЕВРОПА

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2025 година одбележува 50 години од потпишувањето на нејзините завршни акти од Хелсинки. Таа беше востановена на 1 август 1975 г. од тогашните 35 држави-членки на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (КБСЕ). Уште од 1973 година, преговорите се одржуваа во Хелсинки и Виена за да се ублажи опасната воена конфронтација меѓу силно вооружените антагонисти во конфликтот Исток-Запад преку политика на омекнување. Студената војна не требаше да премине во жесток конфликт. Беше постигнато дефинирање на заеднички интереси и создавање на доверба. Централен елемент на преговарачките процеси беше широчината на темите што ја надминува *политичко-воената димензија*. Следејќи еден проширен поим за безбедност, освен прашањата за вооружување, беа третирани и економијата и животната средина од една страна, како и *хуманата димензија* што се фокусира, пред сѐ, на човековите права, од друга страна. Советскиот Сојуз ги уважи барањата на Западот да го прифати прашањето за човековите права и за поедноставната размена на луѓето меѓу Истокот и Западот во преговорите на КБСЕ.

Последново имаше последици што делумно не можеа да се насетат: преку *хуманата димензија* на завршните акти од Хелсинки, реформските сили и дисидентските групи во Источниот блок се почувствуваа енормно зајакнати во нивниот стремеж за слобода, човекови права и демократија и во текот на следните петнаесет години се ангажираа уште посилно за политичката промена. Меѓународните невладини организации, како Меѓународната хелсиншка организација за човекови права, основана во 1982 г. во Белаџо и со седиште во Виена, ги поддржуваа реформските сили во Источна Европа и во Советскиот Сојуз.

Иако државните органи на репресија честопати постапуваа со сила против демократските движења, кои беа оцрнети како „субверзивни“ и раководени од Западот, сепак, тие веќе не можеа да бидат сопрени. Падот на Ѕидот и Железната завеса во 1989 г. не само што ја означија кулминацијата на политиката на омекнување меѓу Истокот и Западот, туку и успехот на хуманата димензија.

## ПРВ „ПРОБЕН БАЛОН“ ЗА ПОЛИТИКАТА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

*Хуманата димензија* на завршните акти од Хелсинки доби уште поголемо значење по крајот на конфликтот Исток-Запад. Додека претходно важеше принципот

„немешање во внатрешните работи“, и тоа пред сè, во областа на човековите права, со усвојувањето на повелбата од Париз за нова Европа на 21 ноември 1990 г., ОБСЕ беше дефинирана како простор на заеднички вредности. Оттогаш, демократијата како форма на владеење, заштитата на човековите права и на основните слободи ја сочинуваа заедничката рамка на вредности на државите-членки на ОБСЕ.

КБСЕ уште во преодната 1989 година го стартуваше првиот „пробен балон“ за политиката за човекови права со воведување на таканаречениот Виенски механизам. Оттогаш, овој процес што може да се активира од една или повеќе држави-членки, им овозможува на државите на ОБСЕ да ѝ постават прашања за *хуманата димензија* на друга држава-членка. Притоа на преден план е, пред сè, расветлувањето на повредите на човековите права и дефицитите на правната држава.

Во идеален случај, Виенскиот механизам води кон конструктивно решавање на дефицитите во областа на човековите права и правната држава и го поддржува нивното отстранување. Неопходната стручна експертиза за ова ја даваат на располагање Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), отворена во 1991 г. во Варшава, како и другите институции на ОБСЕ.

ОБСЕ со седиште во Виена, уште од 1990 г., со основањето на различни институции што треба да ги поддржат државите-членки при демократизацијата и заштитата на човековите права и правата на малцинствата, реагираше на барањата на државите во трансформација од поранешниот Источен блок: пред сè, репрезентантот за слобода на медиумите во Виена и ОДИХР во Варшава уште од пред три децении ја сочинуваат институционалната структура на *хуманата димензија.*

На ОДИХР ѝ е доверено спроведувањето на набљудувачки мисии за избори, како и други специјални задачи. Тука спаѓаат: борбата против трговијата со луѓе, антисемитизмот и антициганизмот, заложбата за толеранција и недискриминација, како и заштита, поддршка и обука на заштитниците на човековите права и зајакнувањето на нивната соработка со независните национални институти за човекови права во просторот на ОБСЕ.

Покрај ова, моментално има операции на терен во тринаесет земји, на Западен Балкан, во Кавказ и во Централна Азија, кои исто така се занимаваат со темите на *хуманата димензија*, како на пример заштитата на малцинствата, набљудувањето на изборите и институционалните реформи.

Сепак, поинаку од надежите на многу политички актери од државите-членки на ОБСЕ во преодните еуфористични години 1989/91, авторитарните контраудари во државите во трансформација, масивните повреди на човековите права, неказнивоста и прекршоците против правната држава, корупцијата и изборните манипулации во голем обем, како и воената агресија на Русија против друга држава-членка, Украина, силно влијаеја врз работата на ОБСЕ која почива на принципот на консензус и градење на доверба и во *хуманата димензија*. Затоа се потребни нови инструменти и механизми.

## МОСКОВСКИ МЕХАНИЗАМ

Уште во 1991 год. КБСЕ го дополни Виенскиот механизам со Московскиот механизам. Тој оди подалеку од спогодбеното решавање на конфликтите и принципот на консензус во оперативната област и оттука е применлив во многу критични проблематични ситуации, како на пр. при масивна повреда на човековите права. Тој се користи како дополнување на Виенскиот механизам, доколку овој претходно не довел до кооперативна обработка во смисла на посакуваното обработување на конфликтот и решавање на проблемот.

Од почетокот на руската агресија против Украина, таа веќе четирипати, последен пат на 25 април 2024 г. и со поддршка на 44 други држави-членки, поднесе барање за имплементирање на Московскиот механизам за да се преиспитаат повредата на човековите права и воените злосторства на Русија на нејзина територија. Но, и Московскиот механизам всушност може да се спроведе само во соработка со државата-членка што треба да се провери, доколку таа дозволи екстерна проверка. Во тој случај, во земјата што треба да се провери би се поканиле спогодбено до тројца експерти кои се на листата на ОДИХР и кои разговараат со надлежните служби, политичари и претставници на граѓанското општество и подготвуваат извештај што се објавува од страна на ОДИХР.

Во многу кризни случаи, сепак, не следуваат оваа согласност и покана. Тогаш без согласноста од земјата што треба да се провери, на поединечниот избран експерт редовно му се забрануваат влезот и истражувањето на самото место. Сепак, опширните извештаи што се подготвени и покрај овие отпори претставуваат значаен придонес за обработката на масивните повреди на човековите права во просторот на ОБСЕ, било да се тоа тешките хомо- и трансфобно мотивирани повреди на човековите права наспроти лицата од ЛГБТИ во Чеченија (2018), било да е тоа масивната репресија по изборите во Белорусија (2020) или воените злосторства на Русија против Украина (2022, 2023, 2024).

Соодветните препораки на експертот до одговорните во засегнатата држава, до ОБСЕ и меѓународната заедница го сочинуваат клучното поглавје на секој еден извештај. Државите на ОБСЕ можат да објават изјави, коишто како и самиот извештај, по правило не повлекуваат директни последици во форма на опомени или казнени мерки за засегната држава.

## РУСКА ПОЛИТИКА НА ОПСТРУКЦИЈА

Токму руската окупација и анексијата во 2014 г. на украинскиот полуостров Крим спротивна на меѓународното право ги мобилизираше државите-членки на ОБСЕ и уште во март 2014 со принцип на консензуалност беше вклучена цивилна набљудувачка мисија за намалување на тензиите, Специјална мониторинг мисија (СММ). Со комплетната агресија на Русија врз Украина во февруари 2022 г. заврши подготвеноста на Москва за продолжување на оваа мисија.

Првпат во нејзината историја, јасно мнозинство од 34 држави-членки на ОБСЕ реши да имплементира нова мисија надвор од буџетот, за да го заобиколи московското вето: програма за поддршка на Украина. Оваа програма повеќе од две години се фокусира на *хуманата димензија* со вкупно околу 20 проекти. Треба да се поддржат долгорочниот демократски развој и социјалната резилиентност на украинските институции, вклучително и на граѓанското општество.

Понатамошните руски блокади претставуваат закана за кохерентноста и способноста за дејствување на ОБСЕ: веќе три години не може да се договори буџет за финансиско планирање. Исто така и гласањата за претседателството со ОБСЕ кое ротира годишно, се опструираат преку ветото на Москва. Па така, естонското претседателство за 2024 година беше одбиено поради членството на Естонија во НАТО и краткорочно предадено на Малта. На Финска уште во 2021 спогодбено ѝ беше ветено претседателството за јубилејната 2025 година, значи долго пред нејзиниот прием во НАТО во март 2023 година.

Актуелната водечка тројка, Северна Македонија, Малта и Финска, е пред големи тешкотии поради руската блокада во поглед на новото пополнување на четирите водечки позиции на ОБСЕ. Овие позиции сè до водечката генерална секретарка, германскиот дипломат Хелга Мариа Шмид, се продолжени само до септември 2024 година. И претстојниот избор на претседателството за 2026 година ќе биде напнат: се бира меѓу Казахстан, Норвешка и Швајцарија. Заложбата за хуманата димензија, особено за зајакнувањето и резилиентноста на граѓанските општества

и на заштитниците на човековите права во подрачјето на ОБСЕ, на долг рок одвај да може да се случи во консензус со Русија.

Русија масивно ѝ пречи на ОБСЕ, но не ја уништува за да не ја изгуби оваа платформа на влијание. За најголемиот дел на државите-членки на ОБСЕ, особено за државите од поранешниот Источен блок што се борат со конфликти меѓу националностите, дефицити на демократија и повреди на човековите права, ОБСЕ е неизоставна. Со оваа самоувереност таа би требало да влезе во јубилејната година и да ја сочува својата отпорност кон руската агресија и опструкција.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Херман Венткер,**
род. 1959 г. во Бон, доктор по историски науки со стекнато право за професура, раководител на одделот Берлин на Институтот за современа историја и вонреден професор за понова и најнова историја на Универзитетот во Потсдам.

Изворна научна статија
УДК: 327.54
327"1989/2024"

Херман Венткер

# СТУДЕНАТА ВОЈНА КАКО ИСТОРИЈА И СЕГАШНОСТ?

## ОСНОВНИ МОДЕЛИ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ПРЕД 1989/90 И ДЕНЕС

## КОНФЛИКТИТЕ МЕЃУ ГОЛЕМИТЕ СИЛИ СЕ ЗАОСТРУВААТ

Како последица на руската агресија против Украина, конфронтацијата на Русија со западниот свет на држави се заостри: истото важи за американскиот однос кон Кина, кој е екстремно напнат поради политиката на експанзија на Пекинг во индопацифичкиот простор и неговата растечка агресивна политика кон Тајван. Во двата случаи постојано станува збор за „нова Студена војна“, во која или веќе се наоѓаме или во која светот забрзано се втурнува во „запрепастувачко темпо (...)“.[1] Зголемена конфронтација во светската политика не постои од пред една година; уште во 2016 г., во низа интервјуа, експерти беа запрашани дали се наоѓаме во „нова Студена војна“, прашање, на кое тогаш повеќепати беше негативно одговорено.[2] Не секоја конфронтација ја заслужува карактеризацијата „Студена војна“, која освен тоа означува една епоха sui generis. Сепак, се поставува прашањето дали одредени основни модели што ги одредија меѓународните односи пред 1989/90 г. се враќаат на некаков начин. Или, пак, разликите се толку драстични што овој начин на мислење повеќе би требало да се избегнува?

За одговор на прашањава потребни се прво некои забелешки за обележјата на овој епохален конфликт што се истакнуваат. Студената војна се карактеризираше со идеолошка спротивставеност меѓу демократијата и комунистичката диктатура, како и меѓу пазарната економија и социјалистичкото планско стопанство. Двете страни беа убедени дека се залагаат за идеологија и систем што на крајот ќе се наметнат, не станува збор за ништо помалку од борба за „душата на човештвото.“[3] Нераскинливо поврзан со ова беше конфликтот на политиката за сила меѓу суперсилите САД и Советскиот Сојуз, кои за спроведување на своите цели собраа два сојуза околу себе, кои во нивната внатрешна структура и во однос на нивната превласт многу се разликуваа: ако кај НАТО станува збор за доброволно здружување, Варшавскиот договор, разговорно Варшавскиот пакт, беше принуден сојуз на државите од Источна и (Средна) Европа што беа под советско влијание уште од 1945 година. Двата воени блока беа силно вооружени, за да го одвратат другиот од напади и во даден случај да може да се бранат.

1 Во поглед на Русија, Ханес Адомајт/ Јоахим Краузе: „Новата (Студена?) војна. Рускиот ултиматум од декември 2021 г. и последиците за западната Алијанса“, во СИРИУС, том 6, книга 2/2022, стр. 129-149, овде стр. 142-147; во поглед на Кина цитирано од Матиас Нас: „САД и Кина. На патот кон нова Студена војна“, во „Ди цајт“, 13.03.2023 г.

2 За низата интервјуа види работен круг р.з. Воена историја, истражување за Студената војна, резиме, серија интервјуа: Taking Stock of Cold War Research, www.portal-militärgeschichte.de/interviewreihe_kalter_krieg; берлински колеџ Студена војна: истражување за студената војна, www.berlinerkolleg.com.de/interviewreihe-forschung-zum-kalten-krieg, последно видување на 05.02.2024)

3 Така гласи насловот на книгата на Melvyn P. Leffler: For the Soul of Mankind. The United States, the Soviet Union, and the Cold War, Њујорк 2007 г.

Особена улога имаше нуклеарното оружје со кое во НАТО располагаа само САД, Велика Британија и Франција, а во Варшавскиот договор само Советскиот сојуз. Нивното поседување имаше крајно амбивалентна улога, како што концизно опиша американскиот историчар Џереми Сури: „Атомските оружја ги заплашуваа државите од распламтување на војната, но тие придонесуваа за ескалација на кризите, ѝ повлекуваа одредени граници на Студената војна, но истовремено ја одржуваа во живот.“[4]

Откако Студената војна ескалираше уште еднаш кон крајот на 70-тите години, ситуацијата се релаксираше повторно од средината на 80-тите години, за да заврши со распаѓањето на Варшавскиот пакт како последица на внатрешните револуции и паралелниот распад на Советскиот Сојуз најдоцна во 1991 година.[5] На местото на конфликтот Исток-Запад настапи нов фрагментиран поредок, во кој доминираа САД: стануваше збор за долгорочен „униполарен момент“[6]. Сепак, светот беше понестабилен од претходно. Но, со крајот на Студената војна се постигнаа меѓународни спогодби за разоружување што претходно беа незамисливи. Тие не само што предвидуваа уништување на постоечките конвенционални и, пред сè, нуклеарни оружја, туку и меѓусебен надзор на овој процес.[7] Оттука, крајот на Студената војна овозможи да избувнат воени конфликти во Европа, како во Југославија, но, сепак, за почеток го ослободи светот од ризикот од атомска војна.

## ВРАЌАЊЕ КОН КОНФРОНТАЦИЈА И СИЛНО ВООРУЖУВАЊЕ

Од преземањето на руската претседателска служба од Владимир Путин во 2000 год., а особено од 2007/08, начелната подготвеност за соработка меѓу Русија и Западот избегнуваше зголемена конфронтација. Најважната, ако не и единствената причина за тоа, беше и е целта на Путин, повторно да ја воспостави поранешната големина на Русија на меѓународен план. Притоа, тој се ориентира според големините на Советскиот Сојуз, чијшто идентитет со Русија одново го констатираше.

4 Џереми Сури: „Логики на атомското заплашување или политика со бомба“, во Бернд Грајнер / Кристиан Т. Милер/ Дирк Валтер (изд.): Кризи во Студената војна, Хамбург 2008, стр. 24-27, овде стр. 46

5 Сп. Херман Венткер: „Од Втората светска војна до крајот на конфликтот Исток-Запад. Промена на светската политика и револуцијата на државите“, во: Историски известувања, бр. 27/2015, стр. 244-272

6 Поим според Чарлс Краутхамер: „Униполарен момент“, во Foreign Affairs, 70 год., 1990/91, бр. 1, стр. 22-23, сп. и Хал Брандс: Making the Unipolar Moment. U.S. Foreign Policy and the Rise of the Post-Cold War Order, Ithaca/ London 2016.

7 Сп. Тим Гајгер: „Европскиот мировен поредок од 1990 г., почеток на нова ера“, во: Воена историја. Списание за историско образование. Онлајн-досие војна во Украина, https:zms.bundeswehr.de/de/zmsbw-dossier-ukraine-geiger-tim-1-5408530 (последно видување: 05.02.2024)

Русија го доведе во прашање меѓународниот поредок[8], пред сè, од 2007/08, што доаѓаше до израз, меѓу другото, не само со истекот и откажувањето на договорите за разоружување, туку и преку воените интервенции во Грузија (2008), на Крим и во Источна Украина (2014).[9] Путин се сметаше способен за тоа, бидејќи веќе петнаесет години масивно ги вооружуваше и модернизираше руските воени сили, конвенционално и нуклеарно.[10] Воздржаната реакција на Западот на анексијата на Крим и упадот во Источна Украина, како и изолационата политика на американскиот претседател Доналд Трамп што го слабееше НАТО, го зајакнаа Путин во продолжувањето на својот агресивен курс. Бидејќи особено по дебаклот на повлекувањето од Авганистан во 2021 година, тој го сметал Западот веројатно за преслаб, и се охрабрил за напад на Украина. Со тоа пропаднаа сите западни обиди за постигнување на меѓународна безбедност со Русија. Сега НАТО мора да воспостави безбедност наспроти Русија и е во конфронтација со Москва, без да биде воена страна. Според политиката на сила, ова потсетува на констелацијата на Студената војна. Во секој случај има три суштински разлики: прво, западната заедница на држави на руското вооружување по 2000 г. не реагираше со контравооружување, сосема спротивно од филозофијата на заплашување.[11] Второ, Русија денес јасно следи ревизионистичка, а со тоа и агенда на експанзија, додека Советскиот Сојуз од втората половина на 60-тите години тенденциозно беше сила ориентирана кон статус кво, иако ова беше поинаку перципирано во Западот. Трето, ситуацијата е далеку поопасна од тогаш, бидејќи Русија е во жестока војна со Украина, во средиштето на Европа.

И Кина, што во Западот долго време важеше како сила ориентирана кон статус-кво, не ги модернизираше и опреми своите вооружени сили на досега невиден начин дури откако дојде на власт Си Џинпинг. Откако со тоа беше започнато уште во 90-тите години[12], вооружувањето продолжи да се зајакнува со воената реформа од 2015 година. Кина сака, доколку правилно се интерпретираат зборовите на Си на партискиот конгрес од 2017 година, да стане најголемата воена сила на светот до 2049 година. Веќе со години кинеските воени издатоци растат постојано повеќе од бруто домашниот производ.[13] Притоа, се чини дека Кина навидум следи, пред сè, две цели: од една страна, во индопацифичкиот простор, каде што

8 Сп. Мартин Ауст: Сенките на империјализмот: Русија од 1991 г. Минхен 2019, стр.99

9 Сп. Тим Гајгер: „Who lost Russia? Пад на европскиот безбедносен поредок 2000-2022“ во Воена историја. Списание за историско образование, онлајн-досие војната во Украина, www.zms.bundeswehr.de/resource/blob/5408576/e83fe01cff70cb54bb-da1609a6045992/geiger-niedergang-der-friedensordnung-data.pdf (последно видување 05.02.2024)

10 Сп. Адомајт/ Краузе, од истиот текст, стр. 144, в. фуснота 1.

11 Сп. исто така стр. 141 (во врска со Бундесверот)

12 Сп. Франк Умбах: „Вооружувањето на Кина - знак за аларм“, во: Меѓународна политика, 55 год., бр. 7/2000, стр. 29-36

13 Сп. Нeле Неселт: „Кина како актер за вооружување; од хартиените тигри на Мао до отпорни виножита“, во: Од политиката и современата историја, бр. 18-19/2019, стр. 27-31.

во Јужнокинеското море се создава систем на база и нејзината политика кон Тајван станува сè поагресивна, Си сака според мислењето на експертите до 2049 г. да ја реализира својата водечка мисла за „големото воскреснување на кинеската нација“, а дел од тоа е и „повторното обединување со Тајван.“[14] Од друга страна, Пекинг ја следи својата „воена стратегија“ објавена во 2015 година, согласно намерата да ја прошири својата морнарица во океанска флота за обезбедување на стратешките морски рути и како глобална трговска сила сака и глобално да биде воено способна за дејствување.[15]

Како резултат на тоа, индопацифичките соседи сè повеќе се оддалечуваат од Кина и бараат тесен сојуз со САД. Вашингтон го зајакнува своето воено присуство во индопацифичкиот простор и се обидува да создаде контрасила, на пример преку трилатералниот сојуз меѓу САД, Велика Британија и Австралија (АУКУС). Јапонија, Австралија и Филипините ја споделуваат грижата со САД за ескалација на конфликтот со Тајван, а истовремено се упатени секако на трговијата со Кина.[16]

Оваа конфронтација наликува на онаа во раната фаза на Студената војна, во таа смисла што Кина беше на страната на Советскиот Сојуз и не се плашеше од директни или индиректни воени конфликти со западниот свет, како во рамките на кореанската војна. Досега не е дојдено до воени дејствија меѓу Кина и Тајван, но во секој случај Кина следи зголемено рискантен курс со повторното навлегување на нејзините воени авиони во тајванската зона на надзор на воздушниот простор. Во глобала, тоа е ситуација што е исто така поопасна отколку во повеќето фази на Студената војна.

САД, Русија и Кина се водечки атомски сили во светот, при што двете првонаведени располагаат со преку деведесет проценти од сето атомско оружје. Кина е на третото место, а секако во изминатите години значително го прошири својот потенцијал. Со откажувањето т. е. со истекувањето на речиси сите нуклеарни договори за разоружување, светот стана понесигурен. Русија дури во текот на агресијата против Украина повеќе или помалку прикриено се закануваше со употреба на нуклеарно оружје. Сепак се чини, како во Студената војна, дека рамнотежата на заплашувањето функционира: очигледно дека големите атомски сили не сакаат ризик од нуклеарна војна.

---

14 Цитат според Фредерик Крумбајн: „Загрозена демократија. Конфликтот во тајванската улица“, во: Од политиката и современата историја, бр. 26-27/2023, стр. 32

15 Сп. Неселт, истиот текст, види фуснота 13, стр. 28

16 Сп. Петер Валкенхорст: „Нова студена војна?“, во Меѓународна политика, специјално издание, 76 год. бр. 3/2021, стр. 10 сп. во врска со АСЕАН Клаус Милхан: „Регионален хегемон? Мала историја на надворешните односи на Кина во Азија“, во: Од политиката и современата историја, бр. 26-27/2023, стр. 7ф.

## БИПОЛАРНОСТ И ФОРМИРАЊЕ НА БЛОКОВИ

Доминантноста на САД е навистина историја, но враќањето кон биполарноста сепак не може да се констатира. Наместо тоа се наоѓаме во еден мултиполарен свет,[17] во кој САД зголемено се предизвикани од Кина. Русија на глобален план ни оддалеку не ја игра улогата на Кина, но со својот воен ангажман во сириската граѓанска војна, а најмногу со војната во Украина, покажа дека како силно вооружена воена сила што е подготвена за водење војна, одржливо може да влијае на светската политика. Не може да се предвиди во која мера други сили или сојузи, како Индија или дури и Европската Унија може да станат нови центри на моќ, но според моменталното премерување, во секој случај тоа е поневеројатно.[18]

Од воените сојузи што влијаеја на Студената војна, единствено НАТО преживеа. По крајот на Студената војна во однос на распадот на Варшавскиот пакт одново се постави прашањето за нејзината смисла; освен тоа се набљудуваа центрифугални сили, како кога Турција се сврти кон Русија и од таму доби дури ракетен одбранбен систем. Тука доаѓаат и изолациските тонови од Вашингтон под власт на Доналд Трамп, а во 2019 г. францускиот претседател Емануел Макрон го означи НАТО како „клинички мртов“. Сепак, фактот што сојузот во суштина и понатаму функционира и се приспособи на тековите на времето, иако делумно со одолговлекувања, го демантира тоа. Ова важеше и за 90-тите години и за 2000-те, кои беа одбележани од балканските војни и проширувањето на НАТО кон Исток, во кои Алијансата како последица на терористичките напади од 11 септември 2001 стана „глобален безбедносен актер“ и со малку одржливо влијание се обидуваше да ги стабилизира кризните региони низ светот. Од 2014 година, а особено од февруари 2022 година, таа се наврати на својата првобитна функција, така што одбраната на земјата и на сојузот повторно се во центарот на нејзините задачи.[19] Спротивно од своите намери, Путин не го ослабе сојузот, туку го засили: поради нападот на Украина, НАТО не само што се сплоти повеќе, туку од април 2023 г. се прошири со Финска и од март 2024 г. со Шведска, по долгата блокада од Турција и Унгарија. Во глобала, НАТО досега се покажа како способна

17 „Мултиполарниот светски поредок“ имајќи ги предвид соодветните изјави на Кина и Русија против наводната „западна хегемонија“ на крајот на Студената војна, е окарактеризиран како „антизападен проект“ (Јерг Лау: „Живееме во мултиполарен свет“, во: Меѓународна политика, бр. 5 септември/октомври 2023, 78 год., стр.15). Тука поимот се употребува неутрално во однос на вредноста за означување на разликата меѓу денешниот светски поредок и поредокот на Студената војна.

18 Друго мислење застапува Херфрид Минклер, кој смета дека во иднина и тоа како е можно создавање на нова пентархија составена од САД, Русија, Кина, ЕУ и Индија, во: Светот во разбрануваност. Поредокот на силите во 21 век, Хамбург 2023 г.

19 Сп. Карл-Хајнц Камп: „НАТО: Ретроспектива на три-четвртини век“ во: Од политиката и современата историја, бр. 47-48/ 2023, стр. 4-9, цитат стр. 6

за дејствување и во поглед на помошта за нападнатиот источен сосед и во поглед на сопствените диспозиции.

Во источноевропскиот-азијатски простор, од почетокот на 21 век има нови безбедносно-политички сојузи. Тука се вбројува, од една страна, Организацијата на договорот за колективна безбедност[20] основана во 2002 година, која покрај Русија ги опфаќа и Казахстан, Ерменија, Белорусија, Киргистан и Таџикистан и во чиј центар е меѓусебната обврска за давање помош. Од друга стана, од 2001 година постои Шангајската организација за соработка основана од Кина и Русија, на која ѝ припаѓаат Индија, Иран, Казахстан, Киргистан, Пакистан, Таџикистан и Узбекистан. Оваа има и една безбедносно-политичка димензија; во меѓувреме станува збор сепак повеќе за регионален форум за економска, технолошка и културна размена, кој поради различните интереси на земјите-членки одвај е способен за дејствување во меѓународен контекст. Оттука, поинаку од времето на Студената војна, на патот на НАТО не му стои компактен сојуз со интегрирани структури.[21]

## ВОЈНА НА ИДЕОЛОГИИ?

Во секој случај Русија поради војната во Украина е посилно ориентирана кон Кина, која не ги поддржува западните санкции. Од ова нееднакво партнерство профитираат двете: трговската размена е видно зголемена, Кина добива повеќе нафта и гас од Русија, и тоа за поволни цени. Во овој однос Русија е позависна од Кина отколку обратно, чијшто бизнис со Русија сочинува само многу мал дел од нејзината надворешна трговија. Русија испорачува како во минатото, џетови и подморници на Кина, која пак експортира дронови и бродски мотори во Русија, а докази за директен експорт на кинеско воено оружје уште нема.[22] Нејасно е дали трајно може да се етаблира кинеско-рускиот неформален сојуз што почива, пред сè, на заедничко антизападно позиционирање на фронтот: Кина како глобална трговска сила нема да се врзе со Русија што може да ѝ испорача единствено поволна енергија. Тука спаѓа и тоа што односот на Кина кон нејзиниот западен сосед во минатото бил сè останато освен чист: се укажува на советско-кинеската

20 Организацијата на договорот за колективна безбедност произлезе од Договорот за колективна безбедност од 1992 г. меѓу Русија, Узбекистан, Белорусија, Ерменија, Казахстан, Киргистан и Таџикистан, кој претставуваше „контролен механизам со целата инфраструктура според советскиот модел“, сп. Ана Крајкемајер: „Владетелство наместо безбедност. Организацијата на Договорот за колективна безбедност“, во: Источна Европа, 62 год., бр. 5, 2012 г. стр.81-91, овде стр. 87.

21 Сп. и Валкенхорст, од истиот текст, стр. 10, види фуснота 16, Валкенхорст нагласува, дека Кина е „осамена светска сила“.

22 Сп. Рут Кирхнер: „Кина и Русија. Прилично најдобри пријатели“, во Тагесшау 23.02.2023, www.tagesschau.de/ ausland/asien/russland-china-krieg-ukraine-beziehung-101.html (последна посета: 05.02.2024)

спротивставеност од 60-тите години и дека Кина традиционално се поимаше и се поима како надредена цивилизација.

Додека Западот во обликот на НАТО и Европската Унија се дефинира како сојуз на демократии, кај Русија на Путин и Кина на Си станува збор за диктатури. Значи оживува ли повторно тука Студената војна како идеолошки конфликт меѓу демократиите и авторитетните режими? Кина и Русија ги поврзува заедничка претстава за непријателот: западната демократија и САД, на кои им префрлаат стремеж за хегемонија. Потрагата по видлива идеја за мисија, како што несомнено во тоа време беше социјализмот, останува неуспешна во денешна Русија. Путинизмот се редуцира во суштина на екстремен национализам кој сака да го врати времето назад, иако Путин се обидува да се инсценира како заштитник на традиционалните руско-православни вредности, и кој наводно се спротивставува на западниот распад на вредностите, клучен збор тука е ЛГБТ.[23]

Во Кина, по Мао и понатаму владее комунистичка партија, комунистичката идеологија на кинеско обликување се чини дека сепак го отслужила своето уште од 90-тите години. Наместо тоа, на нејзиното место[24] и во Кина дојде национализмот и тука се препознава силна реидеологизација. Идеите на Си Џинпинг беа преземени во 2017 г. во партискиот статут и 2018 г. во уставот. Иако притоа не станува збор за јасен идеолошки конструкт, сепак во меѓувреме се препознава посебна свесност за мисијата на кинеското раководство кое се надоврзува на хегемонијалните традиции на „царството на средината“ стари со милениуми. Особено по светската финансиска криза се чини дека Пекинг е убеден „дека на светот може да му понуди подобар модел на поредок од Западот“. Поинаку од либералниот Запад, авторитетниот кинески систем на своите граѓани им помогна да имаат економски и технички напредок, така што постои убеденост во сопствената надреденост.[25] Ова мислење долго време се отсликуваше во кинеската стриктна стратегија за нула ковид, сè додека не беше ревидирана во радикална промена во декември 2022 година.

Во западниот свет демократијата е сè уште доминантна форма на држава. Во секој случај, во некои земји, како во Унгарија, таа засилено се губи, а во други земји, како во Турција се укинува. Силата на привлекување што ја имаше западно-либералниот модел по падот на комунизмот во 90-тите години врз другите

23 Сп. меѓу другото Михаел Туман: Реванш. Како Путин го создаде најзаканувачкиот режим на светот, Минхен 2023, стр. 93-99, стр. 155-157.

24 Сп. Клаус Милхан: Историја на модерна Кина. Од династијата Квинг до сегашноста, Минхен 2021, стр. 591-596

25 Нилс Оле Ерман/ Ханс Волф: Економски војни. Историја и сегашност, Фрајбург 2019, стр. 180 ф (тука е и цитатот за подобриот модел на поредок).

држави во меѓувреме е намалена, иако неговата атрактивност во поглед на акутната закана од авторитетните режими е делумно вратена. Дури и кога денес со Кина и Русија од една страна и западните држави од друга страна повторно има авторитарни и демократски системи, веќе не станува збор за суштински идеолошки конфликт; во ова соочување на политиката на сила одвај станува збор за придобивање на срцата на луѓето.

## ЕКОНОМСКО ИСПРЕПЛЕТУВАЊЕ И ЕКОНОМСКИ ВОЈНИ

Современата констелација на светската политика е покомплицирана одошто во времето на Студената војна, бидејќи глобалното економско преплетување е далеку понапредно. Ова стана јасно уште со изречените санкции против Русија, на кои Москва одговори со прекин на доставата на нафта и гас во западните држави, што на западните национални економии, особено на германската, ѝ предизвика значителни проблеми. Во случајот со Кина, која е во центарот на глобалните добавувачки синџири и е најважниот трговски партнер за многу држави од светот, ваквите санкции би биле незамисливи. Поинаку од советската пред 1989 г., кинеската национална економија не е најтесно преплетена само со американската. Тоа ја прави Кина помалку подложна од Советскиот Сојуз, кој се распадна особено поради неговата економска слабост.[26]

Економските преплетувања ги прават воените конфликти начелно неатрактивни, зашто тие може да им наштетат, да ги разрушат економските односи што се создадени за да им носат предност на двете страни. Ова размислување доведе до пребрз заклучок дека во денешниот глобализиран свет не се водат веќе војни поради нивните економски недостатоци. Сепак, политичките лидери не дозволуваат да се водат само од економскиот начин на мислење. Дека Си Џинпинг со „повторното обединување“ со Тајван калкулира и војна, е сè друго освен неверојатно. Исто така, интересот на Пекинг за одржување на неговите економски односи, особено во Азија, би можело да има амортизирачко дејство на конфликтот.

26 Сп. Валкенхорст, истиот текст, стр. 10, види фуснота 16.

## АГРЕСИВЕН СТРЕМЕЖ ЗА МЕЃУНАРОДНА КОНТРОЛА

Економското преплетување од кое профитираат повеќе партнери е едната компонента, агресивниот стремеж за економска надмоќ, за „по можност далекусежна меѓународна контрола над системот за производство, за поделба и употреба на стока и услуги“[27] е другата компонента на денешните глобални економски односи. Особено за Кина може да се претпостави еден ваков систем: таканаречената „Belt and Road“ иницијатива, во германското јазично подрачје наречена „новиот пат на свилата“, јасно се движи во овој правец, затоа што овде не може да стане збор за реципроцитет во економските односи. Кај оваа намера веќе се наѕираат првите проблеми: Кина поради економските проблеми не се гледа себеси веќе во состојба да дава на располагање кредити во досегашниот обем, а некои држави кои на почетокот дозволија да се вклучат, сакаат да ги намалат врските со Кина или дури и да ги прекинат, не само поради сознанието дека се паднати во замка на долгови. Истовремено Кина се наоѓа во подобра позиција со своите економски односи што се насочени само кон сопствена економска предност, со државите од таканаречениот глобален Југ отколку Западот, кој поради неговото барање за политички реформи структурно е во неповолна ситуација. Освен тоа, тој е рамноправен со Кина во поглед на економијата и технологијата, а во некои области, како кај идните технологии, на пр., во развојот на вештачката интелигенција, дури заостанува. Ова е една начелна разлика со Студената војна, кога Западот секогаш економски и најчесто технолошки беше во огромна мера надмоќен над Истокот, а понекогаш Советскиот Сојуз беше понапред во техниката за ракети.

Со ова беа спомнати нови области, кои prima facie немаат ништо со појдовното прашање. Но, скицираните проблеми укажуваат дека не е сè завршено ако се бараат паралели и разлики меѓу денешната положба на светската политика и Студената војна. Не смееме да ги изгубиме од вид другите конфликти кои исто така имаат свои историски претходници, но не ги влечат своите корени во конфликтот Исток-Запад.

Дали, за уште еднаш да се навратиме на појдовното прашање, основните модели на Студената војна се оние што ја одредуваат денешната реалност на светската политика? Ако ги погледнеме актерите, тогаш НАТО како единствен сојуз ја преживеа Студената војна и постои и денес, и покрај сите актуелни тешкотии е

27 Ерман/Волф, истиот текст стр. 190ф, види фуснота 25.

повитална од пред неколку години. САД можеа да го потврдат својот статус како суперсила, Русија како нуклеарен единствен наследник на Советскиот Сојуз и понатаму е атомска сила, но сè друго освен суперсила. Кина, чијашто разделба од Советскиот Сојуз датира сè до 60-тите години, а нејзиното издигнување до 80-тите години, стана далеку повеќе поважна голема сила, која е многу повеќе во можност да им се спротивстави на САД во светот. Независно од тоа, дали „царството на средината" е еднакво со САД како светска сила, не може да се погреши дека светската политика денес не е повеќе биполарно организирана, туку мултиполарно.

## ВОЈНИТЕ ДЕНЕС СЕ МОТИВИРАНИ ОД ПОЛИТИКАТА ЗА СИЛА

Ова секако значи дека договорите за разоружување денес не се преговараат само билатерално меѓу две суперсили или две воени алијанси, туку тоа би морало да биде на мултилатерално ниво и организирано. Секако дека современите групирања на моќ како во Студената војна може да се поделат во диктаторски и демократски; истовремено кај денешните конфликти и војни не станува збор само за идеолошки водени, туку за далекусежни соочувања на политиките за сила. На крајот како последен елемент, светот, како што штотуку беше претставено, е многу посилно економски преплетен отколку пред 1990 година. Од една страна, тоа може да делува на намалување на конфликтите, од друга страна, при соодветна економска сила не се исклучуваат економски војни за постигнување на економска, а со тоа и политичка надмоќ.

Во целина, отрезнувачкото резиме на овие размислувања е дека може да се идентификуваат поединечни елементи на светскиот поредок што потсетуваат на Студената војна. Разликите со тогашната констелација се, во секој случај, далеку поголеми. Поголема комплексност во однос на државите меѓу себе, нераскинливото испреплетување на економските и амбициите за политиката за сила, како и подготвеноста на Русија и Кина по 1990 година да употребат воени средства за спроведување на своите цели, го прават светот понесигурно место отколку меѓу 60-тите и 1990 година. Остана само стравот од меѓусебното нуклеарно уништување кое спречи Студената војна да прерасне во жестока војна и кој, да се надеваме, се спротивставува на проширувањето на денешните војни.

***- преведено од германски -***

***Првпат објавено во Die Politische Meinung, бр. 586 POM 24/III, јули 2024, стр. 62–69 https://www.kas.de/de/web/die-politische-meinung/artikel/detail/-/content/der-kalte-krieg-als-geschichte-und-gegenwart***

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Гинтер Рик Монкајо,**
е референт за економија и трговија во Главниот оддел Анализа и советување во Фондацијата „Конрад Аденауер“.

Изворна научна статија
УДК: 339.5:327(100)
339.5(100)"1948/2023"

Гинтер Рик Монкајо

# ВО ПОТРАГА ПО ВИСТИНСКАТА ДОЗА

## ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ВРЕМИЊА НА ГЕОЕКОНОМСКИ НАТПРЕВАР

ПОЛИТИЧКА МИСЛА
68

**Геополитичкото опкружување за Германија и Европа масивно се влоши. Овој факт не може да нема последици врз нашата надворешно-економска политика. Затоа сите зборуваат за поимот „де-ризикување“. Барањето до државата да се вмеша во економските односи доколку тоа е потребно за зачувување на сопствената безбедност, расте во земјата. Тоа е апсолутно правилно, сè додека разбираме две нешта: повеќе не значи нужно и подобро. И најдобрите инструменти за де-ризикување не се од корист доколку нема сопствена способност за конкурентност.**

Беше тресок со најава: производителите на возила со електрични батерии од Народна Република Кина треба да платат таканаречена компензациска царина од 37,6 проценти од 5 јули 2024 г., во форма на банкарски гаранции, доколку сакаат да ги увезат своите возила во Европската Унија. Овие царини треба да ја компензираат конкурентската предност што според Европската комисија ја уживаат производителите благодарение на кинеските државни субвенции. Со тоа, Комисијата ја искористи својата геоекономска кутија со инструменти која во изминатите години велокодушно ја имаше опремено како одговор на промените во светската политика.

Реакциите на одлуката на Европската комисија беа различни: додека анкетата спроведена од Институтот на германското стопанство (ИВ Келн) покажа дека јасно мнозинство од фирмите ги поддржува најавените мерки[1], осум од десет фирми беа за, многу набљудувачи предупредија на противмерки од кинеска страна и трговска војна.[2] Европската демонстрација на моќ беше краткорочно успешна, барем во таа смисла што само десет дена откако Брисел ги имаше најавено царините на 12 јуни 2024 г., беа договорени преговори меѓу Европската Унија и Кина, за да се изнајде спогодбено решение. Сепак, Кина прво ќе реагира со сопствени мерки. Како навистина ќе се манифестира трговската војна, од која се

1 Матес, Јирген / Шмиц, Едгар 2024: Конкурентски притисок од Кина за германските фирми. Резултати од анкетата на фирмите, извештај на ИВ 30/2024, Институт на германското стопанство Келн (ИВ Келн), 11.6.2024, https://ogy.de/h6ab(16.07.2024).

2 Така коментираше претседателката на Здружението на автомобилската индустрија (VDA), Хилдегард Милер, дека „компензаторските царини за електричните возила увезени од Кина (...) не се соодветни за зајакнување на конкурентноста на европската автомобилска индустрија.“ ФДА 2024: коментар на ФДА за ЕУ-автомобилски царини. Претседателката Хилдегард Милер за овие царини, 04.07.2024 г., во https://ogy.de/pfr5 (16.07.2024)

стравува, ќе покаже времето. Во меѓувреме, Европа и покрај сите пророштва за пропаст, ја докажа својата способност за дејствување на геоекономската сцена.

## НОВАТА ГЕОПОЛИТИЧКА СТВАРНОСТ

На крајот на 2019 г. Урсула фон дер Лајен предизвика зачуденост кога на почетокот на својот прв мандат како претседателка на Комисијата најави дека сака да воведе „геополитичка комисија“.[3] Од тој момент глобалната политика на моќ требаше да се води и од Брисел, а не само од главните градови на државите-членки. Иако во тоа време не беше сосема јасно што значи таа најава во практиката, новата геополитичка стварност брзо покажа дека Европската Унија не може да избегне да го насочи своето надворешно дејствување водејќи се повеќе од политичките интереси на моќ и за таа цел по можност да ги зема предвид економските инструменти.

По руската агресија врз Украина, во Германија се водеше жестока дебата за ембаргото на гас, кое требаше да погоди важен руски извор на приходи за финансирање на војната. Во суштина, дебатата се вртеше околу зависноста од снабдувањето со енергија во Германија од увози на гас од Русија. Се поставуваше прашањето: дали воопшто сме во позиција да извојуваме победа? Или, пак, на крајот, повеќе ќе си наштетиме себеси, отколку на другиот? Дискусијата ја заврши самата Русија, која прво ја намали испораката на гас, а потоа конечно и ја прекина.

Уште пред рускиот напад на Украина и пред дебатите за зависноста од гас што произлегоа од тој напад, прашањето за економската резилиентност, значи за способноста за отпор на националната економија како последица на различните пречки во синџирите на создавање на додадена вредност, допре посилно до свеста на политиката и јавноста. Па, така празните рафтови како резултат на борбата против пандемијата на корона и тешкотиите во доставата поради блокадата на Суецкиот Канал, предизвикана од хаваријата на бродскиот контејнер „Евер Гивен“ во март 2021 г., покажаа колку се ранливи глобалните синџири на снабдување. Во една ера, во која стана стандард моменталното производство да биде најмалку што може складирано, овие пречки имаа далекусежни последици.

3 Европска комисија 2019 г.: говор на избраната претседателка на Комисијата, Фон дер Лајен во Европскиот парламент, по повод дебатата за претставување на колегиумот на членовите на Комисијата и неговата програма, 27.11.2019 г., во: https://ogy.de/uoh8(16.07.2024).

И во иднина постојано ќе доаѓа до попречувања на испораката. Последиците од климатските промени додаваат уште еден „извор на грешка", како што неодамна покажа сушата во Централна Америка, која привремено ги намали капацитетите на Панамскиот Канал за 40 проценти. Резултатот на тоа беа долгото време на чекање и заобиколните патишта со соодветно задоцнување во целното пристаниште.

Повеќе од кога било, резилиентноста на националната економија мора да може да се измери и според способноста за реакција на геоекономските напади, како што покажа примерот со прекинот на доставата на руски гас во 2022 година. Овој феномен не е сосема нов, погледнете го конфликтот за ретки руди меѓу Јапонија и Кина од 2010 година.[4] Неспорно е дека геополитичките напнатости растат и дека потенцијалните конфликти со европско учество се поверојатни, барем така се чини.

Важно е да се размисли дека и покрај сите овие кризи што претставуваат еден вид на шок, глобалната трговија, во најмала рака засега, и понатаму незасегнато расте. Во никој случај не доаѓа до деглобализација, како што прогнозираа некои набљудувачи кога имаше кулминација на корона-шокот.[5] Тоа што се случува е ново подредување на глобализацијата, значи реглобализација, кај која паралелно еден на друг се случуваат различни процеси: фрагментација, регионализација, диверзификација.

## ДЕ-РИЗИКУВАЊЕ КАКО ЗАПОВЕД НА ДЕНОТ

Клучниот збор на оваа доба на реглобализација е *де-ризикување*. Првобитно овој збор потекнува од финансискиот свет. Во него тој го опишува завршувањето или ограничувањето на бизнис-врските преку финансиски институти кон одредени клиенти или групи на клиенти, за исклучување на ризиците („avoid, rather than manage, risk"). Кај „новото" де-ризикување во геоекономски контекст станува збор

4 Во септември 2010 година, капетанот на еден кинески рибарски кутер беше уапсен од јапонската крајбрежна служба во водите за кои претензија има и Кина. Како последица на тоа, два месеца беше де факто укината испораката на ретки руди кон Јапонија. Официјално, сепак, Кина демантираше стопирање на експортот.

5 На пр. Дулиен, Себастиан 2021: По корона-кризата: следната фаза на де(глобализација) и улогата на индустриската политика, IMK Policy Brief 100, Институт за макроекономија и испитување на конјунктурата на Фондацијата Ханс-Беклер, 01/2021, во: https://ogy.de/mn95 (16.07.2024)

за редуцирање на ризиците во економските односи, но сепак без нивно целосно прекинување.[6]

Особено треба да се намалат зависностите во синџирите на создавање на додадена вредност што би можеле да бидат искористени од трети за постигнување на геополитички цели. Секако дека зависностите што постојат во економската сфера не се нешто лошо само по себе. Напротив, концептот на глобалната поделба на работата почива токму на тоа, не секоја економска единица да го држи в рака целиот синџир на создавање на додадена вредност. Преку размената и специјализацијата се создава додадена вредност за сите страни, се создава посакувана зависност од меѓусебна корист. Се поаѓа од тоа дека децентралниот спонтан поредок на овие различни типови на зависности може поефикасно да биде воведен од страна на учесниците на пазарот, отколку преку централна државна координација.

**Графика 1:** Глобална трговска размена со стока од 1948 до 2023 (во милијарди американски долари)




**Извор:** сопствен приказ според Статиста 2024: развој на глобалните експорти во трговијата со стоки од 1948 до 2023 (во милијарди американски долари), 10.04.2024, во https://ogy.de/ngou [11.07. 2024].

6 Урсула фон дер Лајен: „This is why we need to focus on de-risk- not de-couple". Европска комисија, говор на претседателката Фон дер Лајен за односите на ЕУ со Кина на институтот Меркатор за кинески студии и Европскиот центар за политика, 30.03.2023, во: https:ogy.de/ko5x (16.07.2024).

**Графика 2:** Трговска размена на услуги ширум светот од 2005 до 2022 (во милиони американски долари)




**Извор:** сопствен приказ според Статиста 2023: развој на глобалните експорти на услуги во периодот од 2005 до 2022 (во милиони американски долари), 16.08.2023,во https://ogy.de/wtm7 [11.07.2024].

Но, сепак може да дојде до критични и со тоа потенцијално опасни зависности кои создаваат потреба државата да интервенира. Опасноста расте, бидејќи во време на растечка геополитичка фрагментација, други држави би можеле да ги искористат зависностите за да ги следат интересите водени од политиката за моќ, и така на пр. да провоцираат шокантни прекини на добавувачките односи. Притоа, зависностите од Кина се особен фокус. Германската индустрија зависи од Кина како ниедна друга во Европа и поради увозот на суровини и примарни производи и како продажен пазар.

На прв поглед, зависноста од Кина не се чини толку голема, бидејќи Народната република сочинува само девет проценти од германската надворешна трговија.[7] На втор поглед, паѓаат в очи зависности што се зацврстиле преку подолг период, кај кои доколку дојде до прекин на добавувачките односи би

7 Види, јавно сослушување на Економската комисија на германскиот Бундестаг од 10.04.2024 г. за економските односи меѓу Кина и Германија. Германски Бундестаг 2024: испитување на економските односи меѓу Германија и Кина, 10.04.2024, во https://ogy.de/r9pl1 (16.07.2024)

имало далекусежни (не само економски) последици, кои тешко би можеле да се супституираат. Овие навистина критични зависности се однесуваат многу помалку на увозот отколку што се претпоставува и ги опфаќаат особено фармацевтските производи и некои суровини како скандиум, итриум, графит, германиум и магнезиум.[8]

За тоа како би требало да се реагира на ова, се води динамична дискусија. Таканареченото приближување на производството со кое одредени производствени чекори би биле малку поблиску лоцирани географски можеби се чини како логичен приод на почетокот на горескицираната поликриза, кај која како последица на борбата против пандемијата и блокадата на Суецкиот Канал се појавија прекини во синџирите на снабдување, кои се повеќе еден вид на непогода и се без политичко влијание. Но, ваков приод не помага во случај на прекини што се геополитички мотивирани и намерни.

Во дебатата, многу брзо како одговор на оваа нова опасност се појави поимот „Friendshoring“, каде што наместо редуцирање на географските дистанци, решението би требало да бидат помали геополитички дистанци. Но, вистината е: во еден, под претпоставка, убав нов свет, во кој тргуваме само со партнерите истомисленици, тој свет не само што би бил многу мал, туку и многу ограничен согласно понудата. Затоа, се чини дека е поцелисходно да има комбинација од подолго складирање за надминување на краткорочните прекини на добавувачките синџири, посилна диверзификација на изворите на набавка, за да се намали зависноста од поединечните земји на среден и на долг рок.

## СТРУКТУРНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Во социјалното пазарно стопанство, адресат на сите вакви размислувања се, во прв план, претпријатијата. За нив, проценката на ризиците во нивните производствени процеси игра секогаш важна задача. Секое осигурување од ризици е поврзано со трошоци, дали со подолго складирање или со диверзификација на добавувачките односи. Од аспект на бизнис-заедницата е важно трошоците за осигурување од одреден ризик постојано да се во релација со потенцијалната штета. Во оваа смисла, де-ризикувањето функционира како класично осигурување: се плаќа премија (трошоци за де-ризикување) за осигурување од штета (прекини на

8 Матес, Јирген 2024: де-ризикување за увозот од Кина во 2023 г. Анатомија на поголема германска зависност од Кина, извештај на ИВ 18/2024 г. ИВ Келн, 09.04.2024 г. во:https://ogy.de/dfit (16.07.2024)

добавувачките односи). Притоа е проблематично што, особено кај геополитичките ризици не може да се пресмета веројатноста на настапување на ризикот. Оттука, на слободниот пазар по правило не може да се осигурите против штети настанати врз основа на прекини на претпријатијата од овој вид.[9]

За претпријатијата е огромен предизвик да го одредат вистинскиот степен на де-ризикување. Во средина со интензивна конкуренција не е изненадувачки што претпријатијата избегнуваат дополнителни трошоци што непосредно се одразуваат, ако не можат со сигурност да ја проценат среднорочната до долгорочната корист. Главно се очекува претпријатијата да се осигураат од геополитички ризици помалку отколку што би било потребно општествено. Ова важи дотолку повеќе, кога претпријатијата врз основа на искуствата, поаѓаат од тоа дека во случај на поголем неуспех, би добиле државна поддршка. Со тоа, трошоците, понекогаш со волја на политичките чинители, ќе се прелеат на идните даночни обврзници кои мораат да го финансираат дополнителното државно сервисирање на долгот.

За претпријатијата е отежнувачки кога структурата на понудувачи е монополарна и нема веќе можност за диверзификација на добавувачките односи за поединечни клиенти. Особено кај понатамошната обработка на стратешките суровини, Кина постигна таква сила на моќ, за која сè уште не можеше да се изнајде алтернатива. Побарувачката за суровини за батерии за транзицијата на енергијата и мобилноста, како и за понатамошната дигитализација на општеството уште повеќе ќе ги заостри овие зависности, бидејќи Кина и тука е доминантен играч на пазарот.

Обидите за диверзификација на германските претпријатија во смисла на де-ризикување од Кина даваат една мешана слика: во 2023 г. само 37 проценти од германските претпријатија зависеа од примарните производи од Кина, а пред почетокот на руската агресија врз Украина таа вредност изнесуваше 46 проценти. Истовремено се намали бројот на претпријатијата што сакаат да ја намалат својата зависност. На одредени места зависноста од увозот дури и се зголеми, затоа што на пр. во хемиската бранша некои примарни производи веќе воопшто не се произведуваат поради зголемените цени на енергијата.[10] Јирген Матес од Институтот на германското стопанство Келн вака накратко ги резимираше

9 За разлика од ова, штетите од пресметките на претпријатијата од други причини може да се осигураат, како на пр. во случај на природни непогоди, пожар, кражби или штрајкови.

10 Бауер, Андреас / Флах, Лисандра: Пресврт во германско-кинеските трговски односи? Резултати од актуелна анкета на претпријатијата, инфо брза служба 4/2024, 11.04.2024, во https://ogy.de/865 с (16.07.2024).

сознанијата: „На оваа основа во 2023 г. одвај да може да се препознае структурно де-ризикување во однос на импортот, иако вкупниот германски увоз од Кина е намален за речиси една петина.“[11]

Недостигот од видливост на обидите за диверзификација на претпријатијата делумно зависи и од приодот „локално за локално“, според кој синџирите за создавање на додадена вредност се осмислуваат повеќе регионално, а помалку глобално. На овој начин се прави превенција и од прекините на патиштата за достава и од протекционистичките трговски ограничувања, кои зголемено се користат од државите како геоекономски инструмент на моќ. Според овој приод, производите за кинескиот пазар ќе се произведуваат по можност целосно на самото место, а производите за северно-американскиот пазар таму и така натаму. Тоа води кон повеќе инвестиции во Кина во фазата на трансформација, за да се изградат соодветните синџири на создавање на додадена вредност на самото место. Претседателот на „Мерцедес-бенс“, Ола Келениус, го нагласи поставувањето на приоритети на своето претпријатие во поновата историја, при што констатираше дека де-ризикувањето за Мерцедес значи повеќе Кина, а не помалку.

## МОЛБА ДО ДРЖАВАТА ДА ПРЕЗЕМЕ?!

Ако изостане зад целокупниот општествен оптимум децентрализирано минимизирање на ризикот од претпријатијата врз основа на структурните предизвици, гледајќи од аспект на националната економија, се чини дека е потребна централна државна координација. И навистина, државата со паметно де-ризикување може да ја реши дилемата за претпријатијата и долгорочно да обезбеди конкурентност на сопствените претпријатија. Притоа е клучно политиката да е свесна за сопствените можности и лимити.

Поради дефицит на информации, на политичките носители на одлуки тешко им е да проценат како мора конкретно да се одвива едно опширно де-ризикување, за да се постигне оптималната мерка на општествено ниво. Аналогно на претпријатијата, кои преку сопствени обиди за де-ризикување мора краткорочно да прифатат повисоки трошоци, на општеството му се заканува загуба на благосостојбата со централно координирани мерки на де-ризикување. Дури и кога краткорочните загуби на благосостојбата мора да се постават наспроти

11 Матес 2024, бр.8, стр.14

среднорочните, па и долгорочните позитивни ефекти, несигурноста води до проблеми при пресметките. Дополнително, државните носители на одлуки не ги преземаат сами трошоците што настанале, туку им ги наметнуваат на други чинители, или како директни трошоци во форма на даноци, издатоци и дополнителни трошоци или индиректно преку повисоко задолжување. Брзо може да се случи државно координираното де-ризикување да отиде предалеку и трошоците за општеството да бидат повисоки отколку потенцијалната штета од која сакало да се осигури. Политиката би требала да го избегнува тоа.

Бидејќи не можеме да си дозволиме загуба на благосостојбата, меѓу другото, бидејќи како општество што старее и во кое продуктивноста стагнира, не можеме да се откажеме од посакуваните социјални услуги. Освен тоа, потребната трансформација на економијата и општеството до постигнување на климатска неутралност (барем на краток или среден рок), предизвикува енормни издатоци што мора да се покријат.

И покрај сите пречки и ризици, не може да се одбегне стратешкото користење на геоекономските инструменти, од кои де-ризикувањето е само составен елемент. И бидејќи други делови од надворешната економска политика спаѓаат исклучиво во надлежност на Европската Унија, конкретната организација на геоекономските инструменти е на европско ниво. Тука неодамна великодушно се опреми соодветната кутија со инструменти. Во меѓувреме таму има повеќе од 20 различни алатки и стратегии, кои може да се поделат во три категории:[12]

1. Инструменти за гаранција на фер конкуренција со трети држави, како на пр. истражувањето за анти-субвенционирање што доведе до компензациските царини за кинеските електрични автомобили што беа наведени на почетокот;
2. Инструменти на ЕУ за поврзување на економските и безбедносно-политичките области: инструмент анти-принуда против економска принуда од трети држави, скрининг на странските инвестиции во Европа, контроли на извозот и скрининг на европските инвестиции во трети држави;
3. ЕУ-стратегии за поддршка на геоекономската агенда, тука спаѓаат: Законот за кибер безбедност, законот за итност на пазарот и Законот за резилиентност, научно-истражувачката програма Хоризонт, Законот за европски чипови или Законот за нет-нулта индустрија.

12 Категоризација според Лајхтхамер, Артур 2024: Navigating the Geoeconomic Tide, The Commission's quest for a policy compass, Policy Brief, Jacques Delors Centre, 16.04.2024, во: https://ogy.de/e2dr (16.07.2024)

Ова набројување покажува колку е комплексно спроведувањето на геоекономската агенда. Особено бидејќи има тенденција за создавање на голем број регулативи, при што некој пропис веднаш создава потреба за следната регулатива. Во најлош случај, резултатот е политички пачворк-тепих.[13]

Малиот удел на избор на различни инструменти и стратегии со кои Европската Унија би сакала да ја гарантира геоекономската способност за дејствување, го отвора прашањето: кога државата ги пречекорува границите на способноста за дејствување? Широко распространетите надлежности кои еднаш лежат кај државите-членки, еднаш кај Комисијата, и во зависност од мерката или се кај Генералната дирекција трговија (DG Trade), кај Генералната дирекција Внатрешен пазар, индустрија, претприемништво и мали и средни претпријатија (DG Grow), Генералната дирекција конкурентност (DG Comp), или Европската служба за надворешни работи (EEAS), дополнително ја пренесуваат опасноста од преформирање на државата. Токму поради тоа што критичните зависности се ограничуваат на малку производи, се чини дека се потребни помалку, а на сметка на тоа попрецизни инструменти.

Би било повеќе од само колатерална штета, кога од преамбициозната радост за регулирање би биле погодени не само критичните зависности, туку и некритичните економски односи на размена. Нема голема корист да се критикува дампингот од Кина кога се однесува на производи чиешто производство таму без државна помош е поевтино отколку тука. Ако тие отпаднат или дојде само до вештачко поскапување на овие поволни импорти, тоа би ја зголемило инфлацијата и би го развлекле понатамошното спроведување на транзицијата на енергијата и мобилноста.[14]

## ДА СЕ ЗЕМЕ ПРЕДВИД СОПСТВЕНАТА ЕКОНОМСКА СИЛА

Во секој случај, одлучувачко за успешно спроведување на некоја геоекономска агенда е фокусот да биде на европската и германската конкурентност. Бидејќи сопствената сила е најдоброто средство за поголема резилиентност. За тоа, треба да се зајакне способноста за иновација и да се адресираат слабостите кога се финансира основање на претпријатија, како на пр. со овозможување на инвестиции преку јавно-правни институционални инвеститори со ризичен капитал и подобра

13 Ебд. стр.8
14 Болман, Ралф 2024: Фаталната зависност на Германија во Кина, ФАЦ, 12.04.2024 https://ogy.de/vst2 (16.07.2024)

даночна поставеност на претприемачките инвестиции во истражувањето и развојот.[15]

Понатаму, европската трговска политика мора повторно да биде функционална, за да може претприемачката диверзификација да се развива по можност непречено. Европската трговска политика актуелно е дисфункционална на речиси сите фронтови. Фактот што преговорите со Австралија се неуспешни, дека со МЕРКОСУР фактички се во ќорсокак, дека актуелно нема изгледи за ратификација на ЦЕТА како и договор со Соединетите држави (особено не со втор мандат на Доналд Трамп), е само по себе трговско-политичка катастрофа. Тоа што ова се случува во време во кое посилната соработка со истомисленици, таканаречени земји со слични ставови, треба да ги минимизира ризиците, прави неуспехот да биде непростлив токму кај овие истомисленици. На Европа ѝ се заканува да го изгуби приклучокот кон светот, тоа не може да го избалансираат ни големиот број геоекономски инструменти.

Со текот на времето, во трговските разговори беа вклучени теми што се далеку од темата трговија, кои многу отстапуваа од интересите на нашите потенцијални партнери, што беше пречка за успешно склучување на договори. Исто така ние сме премалку подготвени да признаеме дека за многу потенцијални партнери нашите заштитени аграрни пазари што ја нарушуваат конкуренцијата се извор на голема иритација. Потребен ни е нов начин на размислување, за Европа да биде обезбедена за иднината. Во секој случај, трговските разговори би требало да се водат помалку опширно, за на крајот да има „само ЕУ договори“, кај кои не треба согласност од државите-членки за целосно влегување во сила.

За разлика од „само ЕУ договорите“, актуелно се преговара за опширни договори, кои не се однесуваат само на области што се исклучиво во надлежност на ЕУ, туку и во надлежност на државите-членки. Овие таканаречени комбинирани договори би морале да бидат ратификувани не само на ниво на ЕУ, туку и од самите држави-членки, за да може да влезат целосно во сила. Тоа стана кочница за Европа.

Германија и Европската Унија би требало да ги проверат регулативите, на кој начин тие соодветствуваат со целите на де-ризикување и диверзификација. Германскиот закон за обврските за синџирите на снабдување и европската директива за синџирите на снабдување (CSDDD), ја отежнуваат

15 Фохман Надја 2024: Создавање иновации со ризичен капитал. За понатамошен развој на финансирањето на растот во Германија, Сојузно здружение на германската индустрија, 29.04.2024, во https://ogy.de/se4z (16.07.2024).

диверзификацијата и ја зацврстуваат доминантната улога на Кина. Кохерентна политика изгледа поинаку.

Правилно е и важно е, државата да ги има предвид ризиците што би можеле да ја загрозат нашата способност за дејствување. Притоа, не смее да се оддалечиме од целта: кога сè повеќе детали се регулираат и сè посилно се насочуваат одлуките на претпријатијата, се влијае на функцијата на слободната конкуренција како постапка за откривање, а со тоа и на најголемата економско-политичка силна страна што имаме да ја понудиме како слободно општество. Нашата сила и способноста за иновација би требало секогаш да бидат мерило на нештата. Бидејќи само преку сопствената сила може да гарантираме дека зависностите се меѓусебни и не може да бидат употребени против нас.

*- преведено од германски -*

*Првпат објавено во : International Reports од страна на Фондацијата Конрад Адеануер, издание 2, 2024 стр. 8-18, https://www.kas.de/de/web/auslandsinformationen/artikel/detail/-/content/auf-der-suche-nach-der-richtigen-dosis*